

**2020**

# Интернет записите од ristovski.ch за година

# 2020

# “Тресла се гора, родио се миш!‟

gordan 01.01.2020

Комшички работи. Колку у да се правиме имуни, со комшиите е така, или си живеиш или не, или па и двете… Еве јас со виа комшиите од север имам специјален и убав однос. Поготово шо они имат такви текстописци на новокомпонирана музика, кои се зрели за “Нобелова награда за литература‟ и плус за се имат изрека, а со ноа “јебо те‟, човек може цел филм да сниме…
Така виа денови ми дојди наа нивната:
“Тресла се гора, родио се миш!‟
Нели годината завршува па се праве резиме, или осврт на годината која има само уште неколку саати. И покрај сите значајни дешафки ваа година секако е и Грета. Момето кое бега од часеви секој петок и се боре за да ја спаси планетата. Иначе за Грета, сиромашката, јас уште сум на мисла дека момето за пет, најкасно седум години, ќе заврше у нервна или клиника за лечење од алкохол или дроги.
Друго ми беше муабетот.
Грета успеа да мобилизира милиони деца, човеци по Светот. И сите тиа протестираа за спасување на планетата Земја. И беше присутна секојдневно на сите медиуми и во сите пори на животот. И сега? Ај сеа некој нека повлече шарка и да направиме рачун. Шо се смени??? НИШТО!
НЕСТЛЕ е највредна фирма у Европа, највредна фирма у Светот е наа шо праве нафта (и со тоа сета пластика на виа Свет).
И така Светот ќе маршира у правец кој го трасират тиа шо штампат пари, а ни вени ќе сечиме на песни со фантазирани текстови…
Или, се сеќава ли некој на наа “шарената револуција‟, од која ни остана само здраво фарбање???
Ете и јас веќе неколку денови си мислам шо сФршиме ваа година??? И шо ќе требе да оптимираме за следната. Покрај сите убави и помалку убави работи шо ги носи животот може да се пофалиме со неколку иљjади фотографии и километри. Направиме една мала изложба на фотографии. Се одкажаме од две групи на фацебукот, ( а и од фацебукот општо…)
Убава година помина.

И оти си изпосакаме да Новата година биде уште поубава сигурно ќе мора да се потрудиме да напрајме поубави работи…
Значи од денеска фотографиите на Гого ќе може да ги следите тука,
или на www.foto-gogo.ch или на instagram или на fotocommunity ама не повеќе на фацебукот…
Среќна Нова Година на сите, па и на комшиите!!!

# желба

gordan 02.01.2020

Покрај што на сите мои роднини и пријатели, како и на цел Свет му посакувам да новата година ни донесе здравје, мир и разум, ногу сакам да во Новата година или наскоро "откријам" секундарен лепак кој лепе, во општо лепе, не мора да е за секунда …

# Запцуена е !

gordan 02.01.2020



Нова година.
01.01. – први први шо би рекле. Добро не е понеделник, ама пак прилика да се почне со нешто "ново".
Да престаниме да пушиме (цигари), да престаниме да пиеме алкохол (ѓоа матуранти), а и – да, да одиме на фитнес или да правиме повеќе спорт (да се средиме малку – ослабниме).
Такви цели не си поставив, после 15 – 20 покушаи јасно ми стана дека не можам ништо од тоа да остварам.
За тоа ама за оваа годнина си реку:

1. само 50мм
2. исклуч фацебук
времето ќе покаже дали ќе можам да се држам на овие две, само две "работички" за ваа година.

Воа првото испадна случајно, гледајќи шо, нова камера или објектив да се набаве, по незнам кој пат дојдов до заклучок дека скоро сè имам на лагер. Нова камера која за нијанса ќе е подобра од сегашната, му требе ли на човек? Викам не. Јас и на виа шо ги имам уште сите "дугмиња" не им ги знам за шо се, не па да сум ги искористил.
Објектив? Објектив кој и да го купиш секогаш ќе биде грешка, тиа другиот може ќе беше подобар…

И така одлуката падна. Лето Господово 2020-то на камерите монтирање 50 мм објективи (или еквивалентни) и штракај една година… И на времето каа почнав да фотографирам немаме по 16 објективи, беше една камера со цврст објектив и – толку.



Каа беме матуранти и каа се опиваме каа матуранти, ногу го "обожаваме" другарот Тома Здравковиќ. Човекот пееше песни стварно или да се опииш или вените да си ги сечиш. Ни се опиваме. И у една од тиа неговите химни, имаше молба: "… затворите све кафане нек се моја душа смири …"! Тоа немаше да помогне за нас, ни знаеме и у домашни услови да се опииме.
Гледајќи ги пријателите по фацебукот ми се иде да "вриснем твоје име!" НЕ – тоа беше друга песМа. Ми се иде да запеам да го затворат фацебукот, оти ме изеди туѓ срам!!! Ги гледам широко оклештените колеги кои на разни предновогодишни забави слават нешто и богато се гозбат за да утре дента пак се уклучат у модус: "нема туа живеачка, не бидуе држава од воа…".
И ако у година фотографирам повеќе десетици илјади фотографии не ми текнало да се фотографирам како седам на маса со човеци и јадам… Или и ако и некој не сликал во таква ситуација, сигурно не е материјал кој треба да се сподели со цел Севет!!!
Да, се сликаме синоќа, комплетната "проширена" фамилија. И стварно, не е за на фацебукот таа слика, на која се гледаат шест задоволни човеци и само едно тенџере на масата. Нема шанси да добиеш лајкови, ако масата не е преп'на со

сè!!!
И за тоа, и ако не го затворат фацебукот, Гого нема да се дружи со него.
Мојата енергија ќе а испуштам тука, а фотографии, ако е некој заинтересиран да гледа фотографии од мене ќе ги има. Или тука, или на foto-gogo.ch или на instagram или на fotocommunity, а на youtube-то ќе има секогаш и тоа и тоа, и фотографии и по некој клип/филм од возењата….
**Среќна Нова 2020 година!!!**

# И, СЕГА!

gordan 06.01.2020




Филмот досликан.
Објективите монтирани на камерите.
И почнувам за озбилно да пробам дали е можно да се фотографира цела година со еден објектив (стандарт)…

Аналогната и другите објективи одат на "годишен одмор"



# Христос се роди!!!

gordan 07.01.2020

**Среќни и пријатни Божиќни празници**
… Денес сѐ помалку има човечност, а сѐ повеќе нетрпеливост и неразбирање меѓу луѓето и народите. Оттаму, во животот на луѓето гревот како да станува сѐ повеќе добродетел, а добродетелта како да станува непотребна и сѐ повеќе се вреднуваат минливите од трајните вредности. Со тоа денешниот човек сѐ повеќе се оддалечува од Бога и му робува на злото. Но доколку ги замениме себељубието и сите пороци, со дела на христијанската љубов, би можеле, и секој посебно и сите заедно, да ја доживееме Божикната спасоносна радост.
…

»»» г.г. Стефан, 2020



# Зајко на стража …

gordan 07.01.2020

Го пратиле Зајко
на стража,
пиштол нов му дале
и фишеци пет.
….

И после неколку години образование и шпартање по чаршијата, ќе сфаниш дека сите тие во прикаските и песните, зајци, лисици, штурчиња, мравки и слично у стварност ти се отцртани карактери на нас "чедата Божји"

По автопатиштата на Швајцарската Конфедерација со Опелот Корса (не ме прашувајте за бројки) се движам најчесто со брзина од 110 км/ч

темпоматирани. Дозволени се 120, а и 130 да возиш никој правно нема да те гони. Ама со 110 немаш проблеми при користењето на темпоматот, само што во тој случај те престигнуваат, заобиколуваат, се лепат зад тебе сите. Од пресно положени девојчиња кои се во потрага на самопотврдување, преку хоби тркачи, до за мене, најопасната група на возачи – управувачите на разни службени комбиња и камиончиња! Едно 80% од таа група се "зајчиња" кои по сила на приликата допреле до малку по волумезно возило и се осеќаат како да се "КИНГ ОФ Д РОУД"!!!



И така, на едно најнормално возење до некаде, забележав како еден од тиа најновите "фасилити менаЏер" (тоа ти модерен израз за чистач) се доближил на метро и триесет и седум зад браникот на Опелот Корса – бела боја. Абе Душко, долгоушко, Опелот го управува еден човек кој никогаш не се брза никаде затоа што секогаш знам да си го испланирам возењето. А да, еден кој сфана дека Светот не се врте околу него… И ако у некое филанкиш село напишале да им возиш по патот 50 тогаш има да возиме 50. Да тука ми текна наа песничката за "зајко на стража", тиа возачите (поголемиот број) на комбиња од фирми кои ги добиле незнам како, не само шо немат култура, туку уште помалку сообраќајна култура и со стискање на гаста сакат да ја прикријат својата неважност. Истите тие секојдневно ги доживувам и на работното место кога ќе дојдат на вагата со ливче у рака и пишувањето на адресата на фирмата во која работат е врв на нивното литературно изразување… Ама шо да прават шефовите, у денешно време на потрага по медот, кога немат кучиња за стража, ќе праќат и зајци и штурци – дај шта даш…
Не, дека некој некогаш ќе ги управе сите тие комарци во сообраќајот, ама неколку секунди "рушење" на нивниот свет праве некое задоволство!!!

# 5%

gordan 18.01.2020




Јануари 18-ти, лето Господово 2020-то.
Скоро 5% од планираното за ваа година го остварив. 18 денови без фацебук и 18 денови со еден (50мм) објектив на камерата.
Лесно? Па и не е тешко. Човекот е животно со навики. Како ќе се привикниш, така може и да се одвикниш. Ноа со објективот ме замислува, незнам дали ќе се издржи. Во секој случај и ови 18 денови се убаво искуство. Те тера да размислуваш малку.
Еве воа сабајле, се разденува, традиционалниот прв поглед на Светот, после дождливата ноќ – импонзантен. Зимаш камерата и приметуваш дека неможиш таа убавина да ја спакува цела. Ама и дел од таа убавина е убавина. Објективите широкоаголни остануваат прибрани …

Фацебукот. Да фале? Не.
Животот, работата секојдневието си врве и без лајкови и ефтини филозофии. Да, пред три дена, на средба со фотоклубот, помислив дека треба пак да се активира фацебукот. Ама после 4 секунди ми помина.

И така одлучно чекориме во новата година по зацртаниот пат.


HOTEL
ristovski.ch

# За Татковината, со Тито – НАПРЕД!

gordan 20.01.2020



Роден 66-та. Не на наа американската 66-ка, туку година 1966-та.
Растев и детството го поминував за време на "најголемиот комунизам" у Југославија. Време каа беме сите исти. Имаше една партија. Имаше еден Тито. Имаше еден Дедо Мраз.
И после. Некаде на крајот од 70-сетите и почетокот на 80-сетите… се појавиа ниа модерните работини на магнет. Аудио касетите и видео касетите. Тука почнаа да влијае "западот" со ефтини музики и уште победни филмови кои се гледаа по кафенињата кај шо имаше по некој видео рекордер кој ги вртеше тиа пиратски копии на копиите.
На тиа филмови и спотови имаме можност да гледаме како човеците на западот живеат у благосостојба, а филмовите не учеа дека секој еден изветвен американски специјалец може да спасе цела држава, ако не и цел континент.

И така полека полека дојде време каа го уништиме еднопартијството и рамноправноста, братството и единството секако веќе отиде у три … и зачекоривме смело и гордо кон "запад".

Демократијата ни донеси повеќепартијски систем (двопартииски) и почнаме да се делиме, на наши и ваши, на патриоти и предавници, на верници и неверници, на пеачи и свирачи… абе на сѐ шо може да се поделиме.

И моментално сме дојдени во ситуација да има поголеми верници од поповите, подобри економисти од директорите, поголеми уметници од академците, у стварност имаме ногу повеќе експерти од колку дисциплини.

Не ми е криво за “нашето море‟, не ми е криво за тоа шо од каа ќе влезеше на наа Сежана па до Ѓевѓелија̀ се осеќаме посигурно одколку сега дома, не ми е криво за српскиот дискофолк, и ногу работини од тоа време ми се прежалени, од дамна, ама уште не можам да го преболам шо ја загубиме почитта кон човека и респектот спрема другите суштества.

Дојде време каа успешноста се мери “колку шлепери ти стоат на царината‟, и потврдата со неколку “лајкови‟ на некоја си магнетна платформа….

# Традиција

gordan 21.01.2020




Преди 30 години пристигнав у Швајцаријата. Оти од ѓерманскиот знаев исто колку на вујче кобилата, (халт и цурик) допаднав у една транспортна фирма. Си викаш ај, ќе се снајдиме и ќе почниме да работиме на занаетот. И оти имаше доволно шофери у фирмата, ме распоредија у сепарацијата. Оти знаеа дека сум електричар, ми стиснаа штрафцигер и моторцангла у раката и почнаме да работиме. Со времето се прошируваа задачите. Еден ден шефот прашува “знаиш ли да швајсуваш?‟ јас искрен па му викам – не. И оти имал некоја замисла, ми вика: еве ти апарат за шавацување, еден пакет електроди и еден куп железа – вежбај! И така со месеците, годините изнаучиме еден куп други работи. Од електричар постанав “дете за сѐ‟ У тиа почетни години требеше некој да помага и на депонијата. Секако Гого беше тиа шо може да науче…
И така и таа работа. “Воа се вика булдожер, 20 тона е тежок и 200 коњски сили има, знаиш ли да го возиш?‟ нормално мојот одговор беше –НЕ.
“Добро, еве го клучот, качувај се, пали го и вежбај…‟ И така у тиа 20 и кусур години го извежбаме булдужерот у сите ситуации шо може да се појават кај нас у фирмата.
И дојде време да се купи нов булдужер, најнов. Со сите салтанати. Сето искуство за да направиш површина која може да се користе некако непотребно постана. Осетот, окото, и другите чуства беа заменети со еден куп сензори и GPS подршки… Првите саати на користење на најновата играчка сите сензори и

помагала беа исклучени и се силеме дека сме подобри од било кој компјутер. Ама еве после не полна година, поголемиот дел од работата ја презима таа електроника со сите нејзини сензори и програми.
Ти викам, човекот е животно со навики. Ќе се навикниш, ама ако начекаш поубаво или ако сакаш полесно или поубаво ќе се одвикниш или навикниш на нови навики.
АМА!





30 години ќебапи, изгорени или недопечени, понекогаш и стварно добри.
30 години помфрит, недопечен или одвратен, понекогаш и добар.
30 години редици со клупи, понекогаш и столчиња.
Има некој работи од кои не се бега а ги оправдуваме со традиција.
Ги гледам литургиите за спуштање (фрлање) на крстот во водите. И секаде истата слика. Попот (или владиката) чита/пее од тоа писмото и не се гледа од грамада на  микрофони, камери, телефони и «репортери» кои газат се пред себе…

Гледам репортажа, некое си племе по ниа милион острови во Индонезија. Попот или шаман или шо врста е, ниа шо го чита писмото, застанат на платформа до реката, зад него изнаседнати "чорбаџиите". Го пуштат венецот од цвеќе у реката без стрес без туркање без телефонизирани репортери….

Други земји други традиции…
Стварно неможам да го сванам некој Народ шо упорно "ѕипа" у место и сето тоа го оправдува со традиција. Традиција ДА, ама дајте бе човеци да тргниме напред, да го фаниме векот…

# месецот два

gordan 06.02.2020

02.02.2020
беше, вчера.
И нумеролозите одма открија дека тоа е специјален датум! Нешто слично бил 01.01.1010 (виа нешто ногу дигитално ми личе!!!). Јас за виа датум 02.02.2020 си земав за задача да направам 202 фотографии – ТИКВИ! Ни до 100 не стигнав. Ама фотографирањето, слободното, сака околности. Исто каа кога беме деца, ногу сакаме да се санкаме, дали тоа ќе беше на "Ѓермански рид" или на Тепето или било на која странка околу градот важно за тоа, санкањето, беше да има снег! Ама немаше секогаш. Така и со фотографијата. За фотографијата е потребна светлина. Ама како шо има снег и СНЕГ, така има и светлина и СВЕТЛИНА. А од друга страна нели викат, сѐ шо е ногу не е убаво. И за тоа од планираните 202 фотографии испаднаа само едно 60 – 70. Да теоретски гледано и рачунато 202 фотографии човек (камерата) може да ги исштрака у 30 – 40 секунди. Ама тоа не е тоа. Нели сакаме да бидат фотографиите "корисни" ☺
И така остана да чекаме да дојде некој 03.03.3030 за да направиме 303 фотографии.
На почетокот од ни ова лето Господово, 2020-то, си земав за цел оваа година да не го користам фацебукот и цела година да фотографирам само со еден објектив. И како секој пушач шо вика дека од ваа година ќе престане да пуше, или ниа шо се зарекуват дека нема да пијат, така и јас не издржав ни еден месец. Добро де, ако беше јануари февруари, ќе беше месец. После 30 денови не можев а да не се уклучам на фацебукот. Од една страна шо и покрај тоа шо уште го рачунам фацебукот за тотално злоупотребен, сепак е една платформа шо уште трпе да безплатно споделуваш фотографии со пријателите. А исто така и ако само на една рака се бројат тиа шо приметија дека нема пресни сликички, пак побудува желба да ги обелодениш фотографиите кои се секој ден се повеќе и повеќе…
Да, ќе ставам повторно по некоја фотографија на фацебукот, како потсетник да ги посетете другите ми "таблоа " ☺
Плус секогаш ќе има нешто актуелно да се споделе…

А, да. Ќе ми извинат СИТЕ "фацебук пријатели" шо нема да им ставам "лике" или смешки, ниту па коментари на нивни содржини шо ги "препишуват".
А наа втората работа "една камера, еден објектив" уште ќе пробам да ја истуркам до крај т.е. една година, и убеден сум дека е можно, затоа што од ден во ден станува навика т.е. ги разбудува ниа навики и чуства како преди 30 – 40 години… Ќе биде интересна година. А бидејќи денеска фотографии може да правиш у неограничени количини – це потрефе нешто ☺




Еве моментално сум и припреми на една малечка изложба овој месец па пак се побудува желба да се прават убави фотографии и за следна или некоја друга …

# дваесет денарски фраери

gordan 07.02.2020



При крајот на 20-от Век чаршијата беше сурова. Тогаш, кога јас ја шпартав. Сега не знам. Сега има "неки нови клинци", јас прошетувам еднаш – двапати у годината,  а и времињата не се тиа шо беа.

У тоа време, кога јас почнав да шетам по чаршијата, живееме у зградите под Тиквеш. Нашколо одев у 'ТХТ'.  Одев и у радиоаматерската секција во Народна Техника. Чат пат ќе пребегаме и во фото секцијата, а и кај Ташо со авиончињата одеме на муабет…
У тоа време, фраери беа ниа шо одат нашколу у Габерот или у Гоце Делчев, се у некој спортцки клуб у градот и живеат у "центарот". Имаше, испаднаа и се убави човеци некои од нив. Ама имаше и "фраери на батерии". Е тиа тогаш беа изгубени, а сега … Тиа таквите "чаршијари" одеа обавезателно кај Гичо у "Дечките" и имаа нивни сепареа у диското. Тиа таквите, чаршијари по замисла, уште у тоа време беа гребатори и експерти у висење у кафене без да истрошат пет пари.

Почеток на 21-ви Век. Чаршијата се "растегна" до кружниот тек. Да сега тиа паметните ќе речат: кој? Македонијата веќе неколку децении се "наоѓа" у некоја си транзиција и исчекување на подобро утре… На секо мое ново одење во родниот ми крај се погласни се крициte како "тука нема живот". Да во тие децении беше забележително дека колку и да се жалат, толку повеќе се по полни кафенињта. И да, си викаш и не е толку се црно каа шо лафат. Инаку кафиЧите, баровите и сличните угостителски објекти нема се да бидат п'ни. АМА после ќе отвориш очите (и ушите) и ќе забележиш. Фраери на батерии уште има. Уште има висачи по кафенињта кои "како случајно поминувајќи по некоја работа" имат нешто да кажат и од едно, ќе бидат сто и едно, од немам време се брзам ќе биде муабет со саати, а па не дај Боже ако некој се подаде да ги почасте некоја пијачка …

Од старата автобуска до кружниот тек, у наше време беше најубавиот пат да ги "издуваш" возилата. Широка, прегледна, без човеци, па така секогаш предизвикуваше да завртиш повеќе на рачката ☺

Од кога таа улица постана дел од чаршијата и од кога постана паркинг на тиа некои нови фраери, старата чаршија замре, а ваа новата не доби душа.

Батериите од некогашни цинк-јаглеродни батерии преминаа преку алкани до литиум-јонски кои траат ногу повеќе и не "течат" да ти го расипат транзисторот. А фраерите, ни на батерии сега се "дваесет денарски фраери".

До пред некој ден незамисливото постана јаве! Од "неможноста" да се одделат од своите возила фраерите паркираа пред секое кафене, дури таткото на градот не побара 20 ДЕН. Сега повторно на површина исплива г сета наша реалност. 20 ДЕН . Толку малку, а толку едноставно. Само да даде Господ воа да потрае повеќе одколку законот за непушење у затворени простории.

# Мед и млеко

gordan 14.02.2020




Ако “ти тече мед и млеко“ или “секирта ти паднала у медот“, по оценка на другите, тогаш ти е животот таман. Барем у очите на другите. А очите на другите “најубаво“ гледат, а јазикот на другите најчесно суди!
Проблемот е шо од секогаш се создавало масовно мислење и мислење на масата. Во тој случај, твојот случај или мислење не е толку битен или треба да го прилагодиш на масата… Ама во случај да не си со исто мислење, а и не сакаша да се замешаш со масата тогаш, … тогаш треба да бидиш спремен на изолација, покажување со прст, па дури и да си спремен да трпиш како фрлат “со камења по тебе“.

Февруари, лето Господово 2020-то.
У ноа фабриката за создавање на “масовно мислење“ пак се лигавеа, “богатите и убавите“ и си делеа награди. ОСКАР! Демек врвот на филмската индустрија. Уметност ?!?! , ај да не се смеам сеа. У тоа Холивудот има уметност колку у спортот спорт! У сета таа нашминкана свеченост и едно дело на Македонски филмски работници. “Медена земја“ или како што обожават да кажат “филмските критичари“ од Македонија – Хонејленд!
Ептен се потрефи тоа смотрата у Холивудот и “проЖектирањето“ на филмот у Кино Швиц. И ајде од обзир, отидоме и ни НА кино. Да, ни у Кавадарци одеме НА кино, не ВО кино.
Филмот супер.
Направен по терк на најголемите мајстори на кинематографијата. Малку хумор,

малку тага, малку акција и малку СЕКС. Добро тоа малкуто секс се сведи на качување на еден вол на крава, ама се брое. Од филмот најного ме бендиса фотографијата. И гледајќи го филмот ме потсети на моите филмски ремекдела ☺ , човеците сигурно имале стотици саати материјал, а требело да се направе филм од саат и на крајот испаднал саат и кусур. Како и да го вртиме муабетот на крајот пак ќе изјавам дека филмот не ме воодушеви како шо очекував после "лафењето на чаршијата". Ама сигурно е добар чим насекаде добива награди. Јас со моето кинематографско консумирање и развој застанав некаде на Брус ЛИ. И од филмови со "јака порака" ми е преку ваквоата! Животот на секој од нас е доволно озбилен за да се замарам со судбините на некои си филанкиш човеци. Јас си ги обожавам филмовите кои ги гледаш, те забавуваат саат – два и после може да го заборавиш.
Арно.
Кино Швиц. Нели беме да го гледаме "Хонејленд", и сега пак, за некој ден пак во кино Швиц. Ама ваа пата нема да гледаме филм, туку ќе ги закачиме "сликите". По вторпат имам прилика да во фоајето на Кино Швиц ги презентирам моите фотографии, благодарејќи на Фотоклубот Швиц. Значи кој милува од 22.02.2020 па до кај 20.03.2020 ќе има можност да ги види моите фотографии, (покрај некој филм ☺ )
А фотографии како фотографии. Се оценуваат по убавината. А убавото е релативно. Тука пак, со моите фотографии, сум од другата страна. Од страната каде шо другите го оценуваат моето работење. И нормално не му се допаѓаат на сите. Тука пак јас, со моите фотографии, го пренесувам моето гледање на Светот, сурово. Без џиџи-миџи, без "ХДР"! На фотографиите, мои, се гледа светот не нашминкан и не претворен во ефтина Холивудска сцена. Ма шо ви расправам, ајде, дојдите и видите ги фотографиите ☺
И покрај тоа шо се зареков дека нема да правам "класични" изложби, приликата ми направи да се предомислам. А менувањето на зареченото во "Медената земја" е како менување на чарапите, кога и колку ќе ти текне…
И се дури не ни "падне секирта у медот" ќе се прилагодуваме и ќе се радуваме на малите и убави нешта.

# Вива ла Грета!

gordan 14.02.2020

Грета, девојчето од Шведска. Кое како Дон Кишот јуриша против имагинарниот ни непријател, т.е. против сите нас. Да, човековата околина сме ние, човеците. Никој не дошол од друга Галаксија да ни го ебе мамето, сами си го правиме тоа. Јас ја жалам, Грета. Момето е инструмент у некоја мацана игра и за некоја година ќе заврше ако не "на шише" ама обавезно "на шприц".
Оно, Грета, секој петок не одела нашколо и шета со реклама «Fridays for Future».
Петок, 14ти Ф тори.
Човекот е "гевонхаитстиер" (Gewohnheitstier) – воа е ѓермански и значи животно од навики.

Стани су утро порано
дојди си вечер покасно
цел ден на мобиЉката штракај
пред легнување на кабел стави ја.
….
И ете, се случи. Пред легнување заборавиме да ја ставиме, да се полни, мобиљката.
И сабајлето, ПАНИКА!!! Сај едноцифрени проценти!!! Ај дури се одмииме нека се полни некоја минута дури тргниме на работа, у фирмата после лесна работа, има уред за полнење….
Стигнуваш на работно место. Пушташ кафе. И ти станува јасно дека мобилниот уште се полни. Дома.
Си работиш, без мобилка, без интернет, без поглед кон Светот.



За среќа го имаме најубавиот (добро де, втор најубав) поглед како сепарација у Швајцарија.
Ти да видиш колку време имало у еден ден!!!
Шо работи си завршиме, заостанати, не толку важни оквалификувани. Чудо!
Сега сум на мисла да уведам секој петок да го "заборавам" мобилниот дома.
Сакам да формирам и движење "ФраЈдеј фУр забораФ"!
Сакав да и се јавам на Грета, да питам како одат тиа работи.
Ама, немам телефон…
Дома е, се полни. На скапа струја, најобична, од хидроцентрала…
Шознам дали да и се јавам, да не а навредам, оти не и се јавувам со ЕКО- БИО-струја ???

# Брус Ли ли?

gordan 17.02.2020




Излеваш од киното и одма се "испробува" најновата финта со маЈгери и со разни Ѕуки… Да. Така беше после секој филм на Брус ЛИ. Одеме НА кино обично машките на филмови со Брус Ли, а ако сакаш да бидиш у женско друштво ќе одиш и на Бидаи (плачки…). После филмот со Брус Ли обавезно уште на плоштадот се правеа групи со експерти во јапАнски борбени вештини.

Спомени… за спомените ги имаме фотографиите, по некое скриено списане, постер од тебе ти милата ти личност или мотор. Спомените понекогаш може да побуди и некоја мисла дибоко складирана некаде во мислите. И мирис, тоа секогаш наново ме изненадува како некои мириси ме враќаат некаде далеку во минатото….

Лето 2019-то. SBB – Schweizerische Bundesbahnen, Швајцарската железница, се наостри да реновира делница помеѓу Артх-Голдау и Цуг. Должина некаде 12 – 13 километри од кои на 4 километри се врши проширување т.е. нова траса. За таа работа мораше да се направи пристап до постоечката траса и тоа на терен кај шо ни кози не пасат… На едно такво место изнаправија пат, со бетон, дрва, железа, важно камион 40 тонски може да се каче до пругата. И тука наместија бараки/контејнери за работниците и материјалот.

И така јас секое утро и секоја вечер поминувам покрај тиа "технички пристап" без многу внимание да му оддадам. Дури едно есенско утро, темно и дождливо

не поминав пак …
И така погледот на бараките во тоа темно дождливо утро ме подсети на: Брус Ли !!! У тиа момент не ми текна зошто Брус Ли ми дојди на памет, ама со времето ги "ископав" сличните ми слики некаде ми таложени во најстарите мисли и тиа слики беа од филмовите на Брус Ли

# КОРОНА!!!

gordan 03.03.2020



"Имаме и Корона, сакаш Корона!?" со гордост и понос ми понуди еден пријател пиво. Моето прашање беше, од каде е тоа пиво?
Од Мексико!
Од Мексико ?!?!?
Пиво од Мексико ми нудиш у Централна Швајцарија?
У село у кое има пивара и на која пивата секоја година земаат по некоја награда?
Ќе ме извините, ама јас сум заостанат. Јас уште ја ценам водата у пивото.
А ДА!!! Корона пивото, од Мексико, се пиело ама требело и лимон да напикаш у шишто!
ДА! Ќе си пиам пиво направено по ѓерманскиот "Reinheitsgebot".

Моментално ама никој не сака да има нешто со Корона. Не пивото, "смртоносниот" вирус. Вирусот Корона кој е ногу опасен или пак не, се шири по Светот и не плаши како до сега "Птичјиот грип", "Свинскиот грип" и ред други зарази во последните години од кои требеше да изумриме…

Статистика за првите два месеци (у ѓерманија):
од сезонски грип умрети: 161
од корона вирус: 0

И така уште една "жетва" на фармацевтската индустрија ќе помине и некои снаодливи бизнисмени ќе си ги појачат буџетите за предстоечките одмори…

Од века било да "паметните" ги манипулираат "нормалните" со помош на чаршијата, весниците, радиото, телевизијата, интернетот…
Уште еднаш повеќе ќе падниме на испитот наречен човечка логика…

Исто како шо му го прават името големо на Корона, за да можат после поскапо да ти го продат, така тиа терк е влезен во секоја пора на секојдневниот живот. Пред некој ден испаднав да си купам една блуска, обична пролетна, памучна блуска. Не сакам да е изнапишана и не сакам да има капа!!! Блуска обична памучна блуска. И на крајот најдов. Најобична еднобојна без капа блуска. Ме бендиса. АМА за ќедарот не забележав дека некаде долу лево скоро и неприметно зашиено логото на една американска "марка" ! И после ми стана јасно зошто и е цената "згрешена". Не можам и не скама да сфатам зошто ЈАС би дал МОИ пари за да "рекламирам" име кое ЈАС со МОИТЕ пари го правам големо?!?!? Брату, најди си друга овца…. јас ќе си носам кошула ако требе.

# Непријател повеќе

gordan 05.03.2020

Како се губе пријател или како се стекнува непријател?
Ногу едноставно. Кај некои човеци доволно е да им ја кажиш вистината или тоа шо го мислиш у очи.



Март, пети. Зимо по календар, пролет по метеоролозите. Временски, по депримирачки мислам не постои. Дожд, магли, тмурно човек сај у топла соба да си седе. АМА ЈОК!
Сепарација "СЕНН", јас си седам у топлата соба, а еден градинар, газда на фирма за одржување на градините и дворовите во централната ни Швајцарија упорно секој саат доаѓа и зима по пола, четврт кубик некој си песок. Некаде после ручек осети дека е единствениот кој доаѓа и зема песок.
"Само професионалците на вакво време работат" – рече он.
го погледнав и си викам, Гого ќути! Ама не биваше …
"Не пријателе, само неспособните работат на вакво време" – реку ја.
Ме погледна он, и ме праша зошто така мислам.
Му викам, една стара Кавадаречка мудрост вика: " »Шо можиш да сфршиш денеска, може и утре!« и ако е човек способен може да си испланира, измисли, направи, да не мора на вакво време да кисне на дождот и после три месеци да ја поправа работата шо денеска ќе ја удаве у дождот…"

Си ја зема белешката, се заврти и замина. Без поздрав, одпоздрав или некоја реакција…
Ќе видиме дали и кога ќе се врате.

(***update:***
дојди, ама дојди работник од дотичната фирма ☺ )

# 9-ти март.

gordan 09.03.2020



Денот после 8-ми март, интернационалниот женски ден, интернационалниот ден на жената, денот на интернационалната жена… до душа нема врска како се вика, важно на "жената" да и одадеме почит и важност. И ваа пата беме стварно примерни. Не завршиме кака "матуранти" во име на женскиот ден. Се организираме во мала група и направиме мала екскурзија. Прошетаме околу еден замок и преку еден дрвен мост, апнаме у еден ресторант и сите среќни се вратиме дома.
Ниа "луди забави" во чест на жената каа мажите ќе се изопијат и ќе изналепат пари на певаљката! која е поканета во "чест на жените" некако ми станаа не одвишни, туку и одбојни.
А има. Има уште организации и организирани собрании на жените. А колку Македонската жена е силна и поносна, покажува и овогодишните прошетки. Корона вирус? Мислиш некоја настинка или вирус ќе ги запрел Клара, Роза или недај Боже Вера Циривири Трена?!?!?

Нема бе ако треба и ќе се гине и сите околу нас ќе ги ставиме у опасност ама чајанка мора да има!!! ТОЧКА!

Да ги памтам тиа празници, каа мораме да научиме стихотворба за мајката и каа учителките беа среќни кога ќе му изрецитират песничка и добијат по една роза …

Јас ногу го обожавам моментот, кога човеците со денови, недели, месеци, плукат по "комунистичките придобивки", а ќе дојде ли некој празник и ако е "комунистички" ОП –ни одговара!!!

До душа денешната, силна, храбра, самостална, самоуверена жена нема потреба да се бере за некои си идеали, па може у вакви ситуации да си ударе на весеље.

Да живее 8-ми март!!!

А за шо беше се бореа Клара, Роза, Вера … ???

# чудење …

gordan 11.03.2020

Јас како електричар знам, ако сакаш да доживеиш длабока старост како електричар, треба да пазиш да не те «фане» струја т.е. да треште салам.
За тоа секогаш ја исклучуваш струјата или пазиш да не станиш дел од "струјното коло». Иначе електриката е заснована на формули, закони, норми и ноогу логика.
Затоа у последно време ногу ме замислува мометалната општа состојба, во Светот…
Најновиот Корона вирус зема сè поголем замав низ цел Свет или барем стравот и "маркетингот"!!!
Колку сето воа е вистина или циркус ќе разбериме за некој месец, година…

Најинтересни ми станаа препораките на Швајцарската ни Влада која препорачува хигиена (миење раце) и дезинфекција.
Ниа шишенцата со дезинфекција веќе не може никаде да ги одминиш. И сега од каа ќе ги намачкаш рацитe со тоа, одма мислиш дека си ги уништил бактериите. Тука тоа мене ми нај не јасно! Ако со "ракија" се уништуват демек вирусите на Корона, оти нема лек против неа?
Или воа со дезинфекцијата е сај за позитивни мисли….

# Сакам да кажам…

gordan 16.03.2020



Нели, оти сите сме експерти, за сè, сакав и јас да кажам АМА моментално ќе оставам да лафат другите (ногу ги има!!!).
Јас ќе си запишам тоа шо ми леже на душа и ќе го објавам (ако преживејме) некогаш покасно…

Lorem ipsum dolor sit amet, consetetur sadipscing elitr, sed diam nonumy eirmod tempor invidunt ut labore et dolore magna aliquyam erat, sed diam voluptua. At vero eos et accusam et justo duo dolores et ea rebum. Stet clita kasd gubergren, no sea takimata sanctus est Lorem ipsum dolor sit amet. Lorem ipsum dolor sit amet, consetetur sadipscing elitr, sed diam nonumy eirmod tempor invidunt ut labore et dolore magna aliquyam erat, sed diam voluptua. At vero eos et accusam et justo duo dolores et ea rebum. Stet clita kasd gubergren, no sea takimata sanctus est Lorem ipsum dolor sit amet. Lorem ipsum dolor sit amet, consetetur sadipscing elitr, sed diam nonumy eirmod tempor invidunt ut labore et dolore magna aliquyam erat, sed diam voluptua. At vero eos et accusam et justo duo dolores et ea rebum. Stet clita kasd gubergren, no sea takimata sanctus est Lorem ipsum dolor sit amet.

Duis autem vel eum iriure dolor in hendrerit in vulputate velit esse molestie consequat, vel illum dolore eu feugiat nulla facilisis at vero eros et accumsan et iusto odio dignissim qui blandit praesent luptatum zzril delenit augue duis dolore te feugait nulla facilisi. Lorem ipsum dolor sit amet, consectetuer adipiscing elit, sed diam nonummy nibh euismod tincidunt ut laoreet dolore magna aliquam erat volutpat.

Ut wisi enim ad minim veniam, quis nostrud exerci tation ullamcorper suscipit lobortis nisl ut aliquip ex ea commodo consequat. Duis autem vel eum iriure dolor in hendrerit in vulputate velit esse

# Сакам да кажам … (#02)

gordan 17.03.2020



(избришано….)

Од друга страна сабајлево во 4:50 (средно европско време ) почна пролетта.

(избришано …)

# ЖИВОТ – компот … # 473

gordan26.03.2020Allgemein




И пак!
Вечното "воа да помине и после…"

Да завршиме осмо одделение, после …
После екскурзијата…
Да фаниме просек, после лесна е…
Да завршиме средно…
После војската…
Само две – три сезони…
Дури децата не почнат на школо…
Децата школото да го завршат…

И така секојдневно сме во исчекување на нешто да заврше, за да почниме да живеиме и ги спроведуваме плановите. Нормално сè се движи сè се менува, па така и нашето секојдневие, па така и прилагодувањето на плановите и целите…

Моментално сме на: "да помине воа епидемијата и после…"
Да пак животот си оде а ние се прилагодуваме.

и така си одиме секој ден,како дел од тиа "прежалените" и глумиме секојдневие (нормала) у цел виа хаос.

Одиме на работа и се радуваме на утринското сонце кое упорно ни го просветлува денот…



# СУПЕР … таквоа

gordan 07.04.2020

1980 и некоја, ЕМРУЦ Киро Спанџов Брко Кавадарци, првата училница на вториот спрат. Во училницата 40 и кусур ученици од Елетро смерот. Час по "ХТЗ". Професорот Тодо испрашува. Еден од идните Електотехничари одговара. Зборува и раскажува со минути, упорно и без прекин.



После неколку минути, професорот Тодо го прекинува ученикот. Со смирен дури поетичен тон го прашува:

- Внуче, ти имаш ли отидено у Скопје?
  ученикот:
- да професоре имам одено.
  професорот Тодо:
- по новиот пат имаш ли одено?
  ученикот:
- да професоре, и по новиот пат имам одено.
  професорот Тодо:
- таму пред Катланово шо има?
  ученикот:
- тунел.
  професорот Тодо:
- каков е тиа тунел?
  ученикот:
- д'г и прав.
  професорот Тодо:
- а така. Може ли у тиа тунел да правиш кривини?
  ученикот:
- ами неможе.
  и тогаш професорот Тодо поцрвени и како вулкан:
- ами шо тогаш ми правиш кривини на прав пат?!?!? Шо те прашувам одговори! Не туку а врти работата!!!!



….
Тоа беа учители кои не уче и секогаш сака да им одговориш точно, кратко и јасно.
Тоа време – помина.
Со појавата на "демократијата", човечките права и интернетот, нема. Нема веќе на кој да му веруваш. У денешно време ногу е битно како ќе го спакуваш ваквоата…
Еве денеска (ноќеска) пак е "Супер месечина". Пред некоја година имаше пак такво нешто, "Супер месечина" , ама тоа беше "крвава" или црвена, а денеска / ноќеска била розева…. Каа беше црвена / крвава ни објаснува дека дури после 30 и кусур години пак ќе имало таква сензационелно астрономска консталација! И еве сега пак наголемо се пропагира најновата супер месечина.

И нормално у денеска супер месечината заслужува само СУПЕР маркетинг. И во хипер понуда на "фотографY", супер месечината е супер изнафотографирана…. И после ќе речат дека фотографијата не била уметност. Не е точно. Фотографијата не само ше е уметност туку е и голема илузија, или барем бегање од секојдневието.
И така некако, моите видувања на околината и реалноста не се две различни таквоа. Секогаш сум ја сакал околината / природата таква каква што е, можеби понекогаш ја гледам од друг агол, ама реалната убавина за мене, е најубава.
И така пак денеска, ноќеска и утре сабајле фотографиите од супер месечината нема да бидат супер. Поготово не ваа година кога фотографирам само со 50 мм…
А ако ви фале екстремност, барајте по воа интернетот…



# “ОФАРБАНИТЕ“

gordan 13.04.2020




ОТПИШАНИТЕ! Отпишаните се првата серија шо памтам дека сум ја следел на телевизијата. После, во епохата на телевизијата се редеа ред други серии. Обично пратев од научнофантастичните или комедии. Ама после некое време сите ми досадуваа. Сите кои имаа повеќе од 6 – 8 продолженија некогаш ќе се “истрошеа“ со идеите и самите се утепуеа…
И така од пред некоја година веќе не следам ништо, сериите се тиа, исти шеми, филмовите се веќе изгледани, Том И Џери наоѓам у секој филм. Чат – пат ќе начекам некоја комедија, колку да помине некој саат. Ама најголемото време у денешно време се поминува секако пред воа Интернетот.
И тука, на јутубето, си гледам тоа шо ме интересира, ама да не е подолго од 15 – 20 минути.
И така ги “одкрив“ виа “струќнаците“ кои ги објаснуват новите фотокамери, објективи, а чат – пат кажуваа и по некоја финта за фотографирање. И ги гледав, тојца – четворица кои мислев дека се поозбилни и дека нешто разбират од фотографијата.




Еве не снајди ситуација да со денови седиме по дома. Време за уште повеќе му се предадиме на интернетот и медиумите. И време у кое сѐ повеќе ти станува јасно дека сме испорачани на медиумите и на парите.

Горе спомнатите влогери кои со "епизоди" и години тврдеа дека се независни полека почнуват да прават реклама наголемо за поединечни продукти / фирми. И истите тие кои до вчера се заколнуваа во "мануелен модус", наеднаш извадија, филтри, плагинс и ред други џиџимиџи за подобра фотографија по цена:
Мене не ми е јасно како така да такви експерти наеднаш презентираат и еден куп програми и додатоци за програми, нели мануелниот модус е за професионалци? Шо ќе ни е сега фотошоп, луминар … & со. сега наеднаш?

А да, затоа шо конзументите на фацебук, инШтаграм и останатите медиуми кои емитираат во колор, сакаат сликичките да ги пренесуваат чуствата, па макар да бојата била +75%…

# Корона – Тотал

gordan 14.04.2020




Ако преживеам…

Има експерти кои во турбо-модус, моментално по интернет СЀ знаат, затоа јас ќе почекам со објавувањето на овие записи.

Од една страна затоа што тука нема ништо поучно за спас на Светот, а друга страна затоа шо овие записи не се директни "упатства и совети" како да ја преживеете короната.

22.03.2020
Дека човекот е нај интелигентното животно, не е спорно. Ама дека е животно, да не речам говедо, тоа исто така не може никој да ни го земи. Момемтално на човештвото му се случува најголемиот испит и на него паѓаме како скапани круши. Општеството се соочува со нешто, а тоа е, што полека ама сигурно го губи респектот и почитот. За тоа па, на квадрат се зголемува егоизмот и себичноста.
Кој некогаш бил бригадир на работните акции, десетар во војската, некој си секретар на некое си друштво… тој сигурно ја има почуствувано немоќта да донесе исправна одлука – за сите. Така и во виа немирни времиња има влади и влади кои пробуваат да се справат со ним им зададената задача… Задача со ногу непознати. И така додека некои влади сеат пораки, други сеат страв. Тоа е изгледа нормално. На еден народ, или на група луѓе, свест не им се дава преку ноќ, ама страв за неколку мигови. Па така секој спрема заслугите.
А народот како народ. Стадо. Едните викат бидите мирни, другите се прават

дека се мирни и дека тоа за нив не важи, па така со виа клетиот вирус ќе се бориме со месеци, изгледа.

Како и во шахот, така и во животот има крал, кралица, неколку лигавеши и пиони. И најтешко е тогаш, кога ќе реализираш дека си пион. Обично, мало, нема врска бело или црно, ама пионче. Планирано да бидиш "планирана жртва". Од една страна ни раскажуваат дека е нож до коска, од друга страна ни го забиват ножот у грб. Ќе разбериш дека сето оро се врте околу парите, кои сега не ги сакат ногу – "ќе ве молиме платите со картичка, не примаме пари поради вирусот…" ДА и тоа е еден степен од зацртаниот им план.




Дека човештвото сме постанато куп идиоти се повеќе се потврдува! Од кога прогласија вонредна ситуација во Швајцарија и Владата на Швајцарија дава препораки да не се шета ногу, затворија еден куп продавници и локали кои не се од "витален значај", за да се избегнуваат контакти со ногу луѓе, … во сепарацијата во која јас работам и во која обично опслужуваме неколку фирми  неделно (3 – 5) зависно од нивните градилишта во момент и локалитет, ОВАА НЕДЕЛА, КАКО НЕКОЕ ПРОКЛЕТИЕ, СЕ ИЗВРВЧИ Сè ДИВО И ЖИВО ШО ЗНАИМЕ И НЕ ЗНАИМЕ. Човек не треба да биде песимист – доволно е да го уклуче мозокот и ќе му текне дека судбината ќе не стигне и нас (кога и да е).

Оваа, прва недела на вонредна состоба, "превртуваме" по едно 1000 кубика песок дневно. Тоа е солидно ама не нешто шо неможе да го совладаме. Сме го работеле тоа често, и повќе. И обично за тоа беа доволно три камиони, со тројца шофери кои самостално се опслужуваат, читај, сами си ги прават документите. Оваа проклета недела, се изврчија, како шо реку, сите знајни и незнајни муштерии, 80% од нив мораш лично да ги средиш – документално…

Да тие моменти додека "вриев" внатрешно, ми стана јасно колку човекот е бедно суштество, зинато по профит и алчно до безкрај. Исплашени од ситуацијата, дека е можно и градежништвото да го затворат, се работе со претеризам колку шо не е можен, само да се "осигура" работа кој можеби ќе биде поместена месец два, можеби.

Од сета ваа секако ќе има и профитери и жртви. И од тиа и од тиа ќе има некои кои без своја воља тоа ќе станат. Ама има суштества кои свесно ја користат ситуацијата и маката на другите. И најтрагично е шо голем број од тиа после сета ќе си свиркат и ќе се прават каа ништо да не било ….

Од друга страна сабајлево во 4:50 (средно европско време ) почна пролетта.

А нив, на пролетта и природата, кур ги боле какви игри си играе човештвото, они си ја терат нивната работа. Дрвата напупиле, грмушките расцветале, езерото мириса на свежина…

Кој ќе преживее, ќе може да им се радува.




27.03.2020
А преживеаме.
И, а изработиме.
Втората недела на "вонредна состојба". Месец март лето Господово 2020 , обично во "нормалните години", некако месец март е за "стречинг", на градилиштата и во таа бранша. Во март имаше снег, повќе или помалку. Во

Март имаше мраз, повеќе или помалку. Во март се случуваше ноа да видиш шо другите мислат и шо работат.
Март 2020. Време на корона вирус. Време на вонредна состојба во Швајцарската конфедерација (првпат после Втората Светска војна).
На градилиштата и околу нив се работе како во нај јака сезона. ТУРБО. Кога сѐ е затворено, градилиштата работат со полна converted пареа , ма и со сите ресурси шо располагаат. Како да веќе нема утре.

Година  2000 и кусур. Немаше ни вируси, ни »G5«, ни мигранти од Сирија & со. Еден од нашите најсакини муштерии, кој има секогаш специјални желби ама никогаш не прави муабет за пари, почнува во ноември големо градилиште (не секојдневно). Со договори, преговори, постигнуваме разбирање да во не сезона го снабдуваме со специјални материјали. После неколку средби и "икс" кубици издаден материја го прашувам: "добро Верни, шо те натера да сред зимо работиш на овој проект?"  Човекот благодарен шо правиме напори да ги задоволиме неговите потреби одговара: "за господинот … "филанкиш" … работам со години, овој проект е околу 750 000,- франака, требеше да го работиме следното лето, ама, слушнаме дека е болен и не се знае дали ќе преживее, а како ќе бидиме со неговите наследници незнам и затоа сега се праве, дури не умрел…"

И така оваа 2020 година, уште не салам почната ме потсетуваат на зборовите на Верни, "да почниме, дури не умрел!"
Курдисале сите, од кога државата прогласи вонредна состојба, каа да сите наскоро ќе умираме. Се работе наголемо. Тиа 800, 1000 кубика, шо ги издаваме дневно, не се проблем. Имало денови и кога ногу повеќе "поминувале низ наше раце", проблем е шо од една страна викат седете дома и избегнувајте контакти, а од друга страна на плацот ти се врвчат од триста кура деца….
Човеци, ќе чистам, и ќе ринам со лопатата, ама дај одморите ме од посета на разноразни курајбери…

29.03.2020

Сабајлето го "смениме" саатот. Се уклучиме на летно време. Ваа година, интересно беше шо никој (радио, весници, телевизија, разноразни интернет портали, … никој) не беше заинтересиран да од минатата среда не "потсетува" како и зошто се менува саатот. Да синоќа, на некој (телевизијата) му текна и спомна дека се менува времето.

Слушам (читам) у Македонијата дури и построги мерки на заштита од вирусот се спроведуват. Се затвараат сите продавници и локали …
И ОП!!! наеднаш се може да се преживее и ако се затворени продавниците !!!!

Пак ќе поФторам: човекот е најќурук животно.

Моментално, покрај СветЦката Пандемија ни се случува и со масовно медиумско труење! Не да сме преплавени со информации, туку сме удавени, потопени и шо уште не, со информации. Нормално еден човечки мозок, со неколку стотици вијуги неможе ниту да ги преработи, а не па да ги оцене кои се точни и

веродостојни информации. НО, тоа е тоа. Не строат како овци у трлото пред стрижење. И сите ќе поминиме на крклезите – кога ќе не прозивнат!

Фотографијата, моја занимација, пасија и бегање од секојдневието. Нераздвоен придружник на моите патувања, прошетки, дивжења – фотокамерата. Не, не сум сценарист, јас сум обичен бележател на моментот. АМА, и за тоа треба ситуација. Во овие "тмурни" времиња, тешко наоѓам мотиви за моите убави фотографии. Природата која се буди во сета своја раскош не сакам да ја фотографирам зошто мислам ќе се гледа сета моја моментална не мотивираност.



30.03.2020

Заврна снег. Од кога помина без снежната зима, снег заврна во пролет. Добро, не ногу, ама 10 – 15 центиметри мокор снег…

"После оваа пандемија нема ништо да биде како што беше"

ТИКВИ!
Сѐ ќе се врате во "нормала" и тоа побрзо одколку шо мислиме и сакаме.
Доказ?
Еве:
30 Години работам во сепарација.
30 зими претераме. Шо појаки, шо послаби…
И секогаш е исто!
Ќе заврне снег, муштериите се силат дека се "професионалци" и се фалат со ноа: нема лошо време само не соодветна облека, па се тискат работите на сила,  се влече песок, со снег, без снег …, се работе демек, нормално е сѐ.

Ти секогаш викаш: човеци не бива ваква работа на вакво време, почекајте ако не до утре, барем до ручек!
НЕ, се влече песок…
И така два – три саати, и уште не почната паузата за појадок – це испукат, ќе заглибат и ќе осетат дека стварно а заебале работа.
И се прекинува.
И се почнува со "поправки" на заебаната работа, два – три денови…
И така секој пат наново, после секој нов снег… 30 години (за толку јас можам да потврдам).

Така ќе биде и после "пандемијата", пак ќе ги летниме авионите..
и ОП! ќе го тераме Велигден, некаде,
да, може и маларaија или такво нешто сеа да си донесиме, одамна немало…

04.04.2020

Деновите, и ако каа плева, си врват ѓоа ваквоа. (ај чи Гоогле преведи го воа да те видам! ☺ )
Си штракат они така, еден по еден, кој со снег, кој со ветар, кој со сонце, а ние и понатаму вегетираме на ваа дуња. Моменталната ситуација неможе да се рече живееме, туку е некоја состојба на исчекување, вегетирање и надеж. Надеж дека еден ден ќе помине сето воа и ако за ништо друго барем побогати  за сознанието дали сето ова беше закана за Светот или успешна маркетиншка акција…
Во секој случај моментално ич не е интересно.
Уште од средата (кога имаше уште снег) се ребрев за возење со моторот за викендов. Да, се најавуваше убаво време. И бидна. Силно светнал ден, сабота. Панталоните и палтото испрани, кацигата исчистена и полирана, батериите на фото и видео камери наполнети, јас "наострен" шо да ти расправам…
Запалив моторката и тргнав.

Јас се надевам, дибоко од душата се надевам дека ноа: "после ова, Светот нема да биде ист" нема да дојде. Јас сакам да биде пак сѐ како шо беше. Сакам да имам мерак на возењето со моторот, сакам да ги забележувам убавите бои на природата, сакам да застанам и да пиам кафе кога ми се пие и каде ќе ми се препие… Не, уште на првата кривина со плакати те повикуваат да се осеќаш крив за настанатата ни вонредна состојба. "Ги замолуваме мотоџиите да не се возат со моторите, бидејќи АКО ПАДНАТ и ако се повредат потешко, ќе им го земат местото во болницата на некој кој МОЖЕБИ ќе се разболе од корона!" Вака нешто беа повиците на полицииските служби на повеќе Кантони.
Да бе. Секој моторџија излева да вози мотор со ниет да падне!!!
И така се возиш и мозокот само тоа ти се врте: не биди зазимач на кревет, не биди зазимач на кревет!!!

Добро бе "власти", каде е еден од вас и да рече: Гого, не оди на работа! Имаш контакт со десетици муштерии дневно, а исто може да се повредиш на работното место и да му го земиш креветот на некој во болницата кој МОЖЕБИ ќе се разболе од корона! Каде е тиа "човек"??? Преку ваквоа ми е дојдено од воа лицемерство. Може некаде погоре ми е веќе напишано, ама ме нервира

глумењето загрижени власти. Се грижиме и “удараме‟ кај можиме, ама каа ќе дојде до точката ПАРИ … одма се прилагодува сè.



06.04.2020

И така тивко и без срам се “удомија‟ “сошил дисцансинг‟ и “пик‟. И тоа пикот или по нашки уште врв, го доживеаме денеска… ВРВ на човечката збунетос предизвикана од вонредната ни ситуација у Швајцаријата. Иде муштерија, долгогодишен, во сепарацијата и зима материјал за да може да работе, плочи или коцки ќе редел, и си зема материјал и после со муабет не “искара‟ шо сме работеле во оваква ситуација кога пола услужни фирми не работеле. Требело да не работиме,  ма не сме смееле да работиме!!! Прво се вртиш лево-десно и гледаш дали зборува со тебе. Второ, се штипнуваш и сфаќаш дека не е сон. И трето, во недостаток на зборови, му се кезиш у лице … , бил стар муштерија или не.

И така почна уште една работна недела, четврта после прогласување на вонредната состојба. И како прв ден оваа недела, може да се рече мирна ќе биде. Се “испукаа‟ наа првата, каа мисле дека сета работа треба у три денови да се заврше. И така од “рели‟ испрешатуваме до “втора спора‟. Да, уште воа со преплавата на информации да се намале, И ОП, Велигден ќе го пречекаме нормално…

13.04.2020

Црквата т.е. камбаните се сокапаа уште сабајле. Ѕвонат, тропат, си ја бркат работата. Денеска е последниот слободен ден од продужениот Велигденски викинд (по Грегорианскиот календар) и веќе незнам која недела од вонредната состојба во Швајцарија. Да, еве сега рачунам, завршува четвртата недела, и ќе оде уште недела – две…

У виа четири недели доживеаме работини какви ни у цртаните филмови не беа измислени. Се изнаслушаме струќнаци и експерти, се изначитаме на филозофи и теоретичари, И сега можам да кажам уште еднаш (незнам по кој пат) "човекот е најќурук животно!".

Уште у времето на Адам и Еве, забранетото било најубаво. Така и сега. Сѐ шо ни бранат, демек ни фале. ТИКВИ. Тоа само покушај да се испадне од небитноста и демек ти не си можел без "сошИЛ" контакти па ребелираме против Владата. Да, и јас сум еден таков, не седам дома. Неколку пати го извозив моторот и покрај сите препораки и молби на властите да не возиме… АМА уште повеќе пати одев и на работа. И ногу пати имав ногу контакти со ногу човеци, одколку на моите 800 – 900 извозени километри.
Да, ќе седам дома. Мене не ми е тешко да си најдам и по дома занимација, ама ај да се договориме, да не одам и на работа! Оти воа нивното ве молиме седите дома важи само ако сакаш да си ја исплакниш душта, за на работа не важи. И така ни преостанува да го уклучиме "здравиот човечки памет" и да без големи последици го претераме воа сето.

А случајно ако не знаете како понатаму, уклучите фацебу / јутубе & со. и пратете ги видео советите на безбројните експерти кои ви се обраќаат возејќи се со автомобилите по белосветските џадиња… Од кога ќе ислушате (ако успеете) две три такви, потполно свесни излевате од дома и се соочувате со непосредниот пропаст на Светот….

14.04.2020
прв работен ден после Велигденските празници.
Вонредната состојба уште трае и ќе трае најмалку до 26-ти.
Машините у сепарацијата дробат уште сабајле.
Муштерии ?!?!? Муштерии нема.
Труица / четворица цело предпладне.
"Стање НОРМАЛНО!!!"
Па да, ја ЗАВРШИМЕ сета работа пред празникот.
Шо беше за ширење и собирање, се прошири или се собра.
И сега уште флизерите да работат сѐ ќе биде нормално.
Нема да се осеќа вонредната состојба.
Вака, ќе треба сами да се постурижиме, а тоа, тоа ќе оставе длабоки "белези" кои долго, долго после оваа вонредна состојба ќе бидат осетливи

Денеска го објавувам ова, оти стана големо четиво…
Состојбата не е надмината, ама за крајот и последиците во некое од следните пишувања…




# Криво дрво

gordan 17.04.2020

Швајцарија е убава. Швајцарија е зелена. Швајцарија е средена.
ДА, сето тоа е така. Ама не оти само Господ и дал, туку и оти човеците си ја бркат работата и ги прават работите да бидат убави. Каде це појаве "криво дрво" одма се исправа, по потреба, за да брка работа. И значи ако Франц не а разбира работата, ќе го праша Сепи и виа ќе му каже на Рето, кој шо а знае таа работа, да а сврше работата. И така си функционира… секој си ја брка и работе

таа работа која ја знае. И ако некој нешто не знае, не почнува да биде експерт за таа работа, туку ќе најде некој шо а знае таа работа и ќе го задуже (ќе му плате) да а сврше работата.




Значи јас најногу ги сакам ниа "срцките" кои наголемо по социјалните мрежи сѐ и сешто знаат и се фалат, ама каа ќе му напишиш критичен коментар – го бришат коментарот, оти не е од стилот "леле колку убаво" "браво, цар си" "прекрасно" …

А бе деца, со бришењето на коментарите кои не се по ваш терк само покажувате колку сте "плитки" …

# Загубено магартто…

gordan 19.04.2020




На времето, кога ќе сретниш некој разочаран, не мотивиран, човек шо не знае како натаму, секогаш викаме, "изгубено му е магарето". Некои човеци со "изгубено магаре" ни на крај памет одпосле не си ги ставал, ама кај некои си се замислувал и си барал одговори зошто или шо го има донесено на тоа амле.

Магарето иначе како добиток, поточно речено корисен добиток, од секогаш било столб на ногу народи. Оно е едно од ретките кои има така добра "енергетска ефециентност" шо би се рекло денеска. Со толку малку храна и нега, брка доста работа. Понекогаш е и тврдоглаво, ама можеби има нешто револуционерно во себе и ја сака слободата и самоопределувањето! ?!?! Тогаш помага стапот, шо викаше дедо Мане (Мане Бегнишки): "синко, со магаре нема ногу дискусии и демократија, треба стапот да играе!"

У денешно време, време на "КОВИД 19", "Г5", интернети, "социјални мрежи" и машини за пребарување, денеска на ден Велигден, лето Господово 2020, се осеќам како и мене да ми е изгубено магарето.

У сета трка, уште сабајле да се изнаодговоре и да се изнапише поздрави и желби на наши пријатели по социјалните мрежи, скоро и да ги заборавиме НОРМАЛНИТЕ ВРСКИ.

Човеци, замислата на некој, да не контролира на "ентер", полека ама сигурно се остварува…

# Желба

gordan 25.04.2020




Во ова време, време на “Covid 19 & co.‟, ограничување на движење и живеење, контрола на послушноста, медиумско ставање у ред… колку и да не сака човек да биде овца у стадото, постирижен ќе бидиш на овој или оној начин.

Условени од ограничувањата, лутаме по интернетот во потрага на бегање од секојдневието. А таму моментално – ХАОС!, анархија, испливување на од Берти (Алберт Ајнштајн) дефинираната “човечка глупост‟.

Тефтерот трпе сѐ! На рабушот има секогаш место! Интернетот никогаш не заборава!
Е воа последното, “Интернетот никогаш не заборава!‟, оно, оно на сите ќе ни ебе мајката. Ќе поминат денови, месеци, години, … генерации, ама некогаш ќе не стигне и ќе не шибне со сета суровост. Затоа човеци – пазите шо пишите!

Денеска денот беше прекрасен. Беше заврнало ноќеска, малку, па воздухот чист, на небото облачиња, сака ли човек да фотографира…
И да, камерата ја извадиме и ја уклучиме. 100 и кусур, со зборови – сто и кусур пати шкракпнато. И од тиа 100 и кусур фотографии јас би одбрал едно десетина кои “можат да се користат‟.
Да, кога ќе преспиам и ќе “легнат‟, ќе останат уште 1 или ни една, ама тоа е тоа. Разговарајќи, дружејќи се и со муабет сѐ повеќе излева дека јас сум заостанат, застарен, море диносаурус у фотографијата…
Да, од тиа 100 и кусур, со “фотошоп‟, “луминар‟, & co. би направил 300 фотографии (со букви – триста) ама тоа не го сметам за потребно. Денеска,

овој прекрасен ден, поминувајќи преку 160 километри, ‟фанаме‟ само две фотографии, – тоа е многу добро! задоволувчки.
Да, ќе останам на мојата филозофија. И на мојата љубов кон чистата и вистинската фотографија.

И една молба до сите блогери, влогери, писатели, инфлуенцери и други заболени: ‟не си ги пуштајте глупостите, колку шо не ви е д’га чергата!‟
















# сдо

[gordan 02.05.2020]



"СДО"
Титовите пионери и војниците у "ЈНА" (Југословенската Народна Армија) знаат дека СДО не е ниту партија, ниту некоја алатка на владејачката партија да го управуе народот…
СДО – "Суви Дневни Оброк" војниците во ЈНА го добиваме еднаш месечно кога интендатите (куварите) имаа слободен ден. У тоа време ни расправаа дека Југославија има залихи на СДО да комплетната армија и нивните фамилии една недела ги ране со СДО – ако треба. У СДО кутијата, ги имаше неколку врсти, имаше една – две конзерви, бискоти, гликоза или чоколадо, супа и чај во прав (инстант!).




Во тоа време, време на идеали, колку и да беа убави конзервите и декстрозата и чоколадото, затоа шо ноа шо беше инстант (во праф), никогаш неможеше да се доближе на вкусот на казанот – го обажаваме граот, босанскиот лонец и секое јадење направено од куварите, па макар и интенданти да беа наречени.

Преживуваме денови, време, период, во кое од "инстант" фраери и ВИП личности, исто ми се гаде како на времето од на жилети (актерите знаат) стоплената инстант супа или чај од СДО пакетот.

Лето Господово 2020. Или од ваа година ќе почниме да рачунаме по на Бил Гејтс, Ајрон Маск, Сорос или некој кројач на нов Светски поредок ?!?!? Неможам да го сварам, ни на жилети, воа шо ни го сервират. Со малку "корона" до потполна контрола. Ниа Холивуд филмовите постануваат вистина како на времето "Топ листа, надреалиста"… Сè повеќе ни ги туркаат "инстант" вредностите и не убедуваат да го исклучиме мозокот.

Се борам, се бориме, и пробуваме да не нè фане  реката и однесе у вирот наречен јавно мислење, ама тешко. 24/7 е опсадата на вишниот. Ги преземал телевизијата, радиото, весниците, интернетот и сите алатки за управување и не убедува дека ни сме криви, оти не му одговараме у шемата.

Упорно ги тиска неговите инстант ВИП личности и ни го внесува потребното му нему јавно мислење…

И ние чекаме. Чекаме да дојде подобро утре, 11ти мај, или до на некој замислениот му датум за пуштање кумлунг. А до тогаш ќе не држат "под куплунг" како овци пред стрижење.

Да мене ми уште арно. Седам тука пред воа компјутерот, штракам на виа дугмињата, си пијам ракија и мезам. И чекам.

Чекам на некој да му пукне филмот и да го испука чифтето кај шо треба. Мене? Мене не ми е дојден "нож до коска", за јас да го пукам чифтето. А би го пукал. "Недај Боже да стуацијата мене ме потрефе до срж, тогаш, тогаш би пукал. И не чифте, туку со сѐ шо ми е при рака…

Помина. И први и втори мај. Некогаш гордост на работничката класа. Денска потреба на љубителите на ефтини кубаси. Вредностите отидоа не у три, туку у неколку П.М. …

Затоа човеци, уклучите го мозокот на "локал", напиј те се ракиичка или шо ви сака душата, апните си кубаски (и ако од нај ефтините) и живејте го животот денеска и сега. И ако некој ви а праве ракијата кисела, не пишите тука (по интернетот), туку чифтето и …

# За среќа треба време…

gordan 06.05.2020

Ставаш у недела сабајле,
и наместо дожд и магла, сонцето го осветлува чистото небо.
Уклучуваш кафемашината, компјутерот и се мислиш дали да палиш моторката…
Пииш кафето, провеpayваш кои превои се отворени и одлучуваш – палиме моторката, еебаго, за шо работиме!

Набрзинка спремени, качени на моторот и правец Алпите. Префрлуваш првата нагорнинка и првите утрински сончеви зраци те осветлуваат. Лев жмигавец, да поминиме покрај Лауерц езерото, може ќе има некој рибар да направе убава поза… И тука ти текнува. У сето експрес спремање, ти текнува шо си заборавил – поларизациониот филтер. Не си далеку од дома, за десет минути пак си тука, ама Баба Зора, она викаше "синко, каа ќе тргниш на пат, не се враќај шо и да си заборави – невела е!"
Се спријателуваш со фактот дека денеска ќе неможе да ги искористиме полезностите на поларизациониот филтер и ги газиш упорно километрите…

После само 10 – 15 километри, од кога го преболиме заборавениот филтер, се соочуваш со ново разочарување.
Чуствуваш како се руши целиот твој универзум….
Уште од мал, каа почнаме да возиме точаци, па моторчиња, па мотори, секогаш не "учеа" старите дека у месец со буква "Р" не се возе.

И еве сега, месец МАЈ. Нема ни Р, ни Л. АМА ИЗМРЗНАМЕ!!!
За разлика од предходниот месец апРил каа се воземе на маичка.
Сѐ е пореметено. Облечуваш резевната џилетка и шибај, кога и да е ќе испадниме од виа сенките…

После ногу пати, повторно по регионалниот пат Брунен – Алтдорф – Андермат… Некое језиво чуство. Ни трага ни глас од сообраќај. Тука таму по некој локален реис и по некоја залутана кола. На автопатот гледаш – празен. Грешка да не сум? Ама нема забрана за движење во Швајцарската Конфедерација.
Ништо, си го уживаме целиот пат за нас…

И така од една непланско возење испадна прекрасно поминат ден и километри. Човек не осеќа колку е среќен губејќи го времето во чекање на НЕШТО. Апнатиот сендвич на патот над Андермат, испиеното кафе на превојот Обералп, освежувачкото сокче на брегот од езерото Вален …
Фотографиите, не чекав дека ќе бидат "нешто" , разочран заради заборавениот филтер.

АМА ОП!!!





Fotografii »»»

после тридена повторно ги гледам фотографиите, по незнам кој пат, и полека се спријателувам со неколку од нив. Има употребливи.

Значи стварно, за среќа треба време.
А и среќата е тука, со нас и секогаш. Само понекогаш ја игнорираме и забулени по некои работи кои мислиме дека ќе не направат среќни, ни и даваме да делува на нас….

п.с. да, на мојот youtube канал може да видете фотографии и видео записи, кои ете, само на тој канал ги има…
понекоаш ќе ставам и на фацебукот и на инстаграм, ама "количински" се на јутубето

# Де бате, не ме брани веќе!!!

gordan 09.05.2020




Живееме у една држава шо се викаше Југославија. И живееме у време кога сѐ околу нас ни беше убаво. Се смееме на едни вицови за Југославија од некоја си екипа наречена "Топ листа надреалиста"…
И тоа пустињето, вицовите, еден ден постанаа стварност, за жал.

После гледаме ефтини Холивудски филмови у кои извесен негативец сака да на дугме ги контролира сите, на цел Свет…
И на тоа се смееме, оти ќе дојдеше Чак Норис мамицаму ќе а расплачеше и ќе му ги растуреше плановите.

Изгледа тоа сега се случува, а Чак Норис го нема….

# ПорноФОТОграфија

gordan 14.05.2020



Презентирањето на човечкиот сексуален акт со цел да се возбуди посматрачот, се вика порнографија. Зборот "порнографија" потекнува од грчкиот πόρνη – pórnē  КУРВА и γράφειν – gráphein ЦРТАЊЕ

Почеток на 21ви Век. На едно од моите (нашите) многубројни патувања од дома до дома, во автомобилот слушам, како секогаш, некое си локално радио. Јас немам омилен пејач и моја песна. Јас немам "микс за во автомобил" или било каква "плаај лист" и да го слушам сај тоа. Јас го обожавам старото добро квалитетно радио. Ја пушташ ти омилената радио станица и слушаш. Или како шо реков, на патувањата барам радио станици кои имаат одмерена програма на убава музика и салам муабет.
Да се вратиме на ноа: "Почеток на 21ви Век. На едно од моите (нашите) многубројни патувања од дома до дома, во автомобилот слушам, како секогаш, некое си локално радио." Некаде после Лесковац на автопатот за Ниш, Белград. Слушам радио и интервју со "водачот" на групата "ГАЛИЈА". У тоа време, естрадата во Србија беше падната не на нула туку на просјачки стап. Убави квалитетни групи, помеѓу кои и ГАЛИЈА, идеа у Македонија и свиреа за "смешни пари". У таква ситуација, водителката го прашува Ненад (мислам така се викаше) како се справуваат со настанатата ситуација и "конкуренцијата" од "народњаците"? Одговорот беше:

"Немаме проблем со народњаците или фолк музиката. Моментално они подобро заработуваат и тоа е факт. Но кога би зборувале за квалитетот кој се нуди, тука имам некои забелешки.

Додека народњаците тераа фолк музика Светот беше во ред, дури и поп-фолк музиката предизвикува позитивни чувства. Со појавата на диско-фолкот некако човек ќе помисле, добро, шо да правиш, народот бара нешто свежо. АМА со појавата на "ПОРНО-ФОЛК" музиката, работата ни е дефинитивно забегана."

Нормално, прашањето на водителката беше: "шо е тоа "ПОРНО-ФОЛК"? Одговорот беше во стил: "кога пејачката повеќе "блеска" со цицките и газевите отколку со гласот, тоа е силување на музиката".

Скоро во исто време, на почетокот на 21-от Век, дигиталните фотокамери постанаа достапни за широките народни маси. Гого, како љубител на техниката и фотографијата, се истрча меѓу првите и си набавив дигитална фотокамера. Тоа беше солидна компактна камера Canon PowerShot S40, која во пакетот имаше батерија, полнач за батеријата, неколку каблови за поврзување со компјутер, телевизор, компактфлеш (CF) картичка со "неверожатни" 8 MB!!! КАКО И: Adobe Photoshop LE!!! Програмата, која за првпат у мојот живот тогаш ја запознав, можеше да ја затемни, осветли фотографијата да ја "исечиш" или завртиш фотографијата и уште неколку други работи за у тоа време – напредни.
А да, со Adobe Photoshop LE можеше да се намали и "големината" на  дигиталната фотографија, од некои си 600 – 800 KB на помалку од 100 и така за неполн час да ја испратиш по интернет дури до Македонија!!!

Дваесетта година од дваесет и први Век.
Фотокамерата не е веќе компактна и наместо 4 има 24 мегапиксел. Интернетот фотографиите и ако се по неколку мегабајти, ги испраќа на неколку секунди. Но фотографијата е таа. За мене фотографијата уште е израз на моментот. Да, со фотокамерата го "цртаме" моментот.

Е сега. Во меѓувреме од "двуица без труица" некогаш, у денешно време СИТЕ од селото фотографират. Дали со фотокамери, мобиЉки, разни врсти на компјутери и уреди… сѐ живо и диво се фотографира. Исто така Adobe Photoshop постана моќно орудие за обработка и "отуѓување" на фотографираниот материјал. А HDR функцијата ја имаат и "мобиљките за деца".

И сега. Сега се случува "силување" на фотографијата. Во недостаток на квалитетен материјал (глас) се "однадуат" фотографиите до несвест. Со цел да се предизвика возбудување кај посматрачот, а во недостаток на глас, се покажуваат цицките!!! Со тоа настанува од фотографија, ПОРНОграфија или поточно порноФОТОграфија. Да таквата фотографија предизвикува возбудување. Ама кај некои луѓе (се надевам не сум сам) возбудувањето е во негативна насока… Мене ми се нај сакани ниа шо викат "мене така ми се допаѓа, и јас недавам на никој да ми кажува како да се изразувам уметнички" – срцки се.

Се повеќе и повеќе и насекаде се појавуваат фотографии, силувани, од не надерени самонаречени уметници. И тоа нема да биде проблем да нема човеци шо мислат дека тоа е убаво.

Да се разбериме, јас немам ништо против уметниците кои вистински се занимаваат со компониранaта или фузиониранaта фотографија, ама ниа шо на АААЈЈ фонот 5 С' ќе шкрапнат нешто и после ќе завртат боја и контраст на "шестка", е од тиа ми се згадува – фотографијата!

"АМА со појавата на "ПОРНО- ….  , работата ни е дефинитивно забегана." ….

# АпенЦЕЛ

gordan 25.05.2020



Недела, празник, 24ти мај
го славиме делото на браќата ни Кирил и Методиј.
Пролетно утро, многу облачно, малку ладно. Чичковците и тетките шо гледат у облаци, викат дека убав ден ќе биде. Пред сè суво, нема да врне. Идеални услови за возење со моторката, плус узпат може една работичка да свршиме…

Превој Клаузен, еден од не ногу високите и не ногу "извикан", ама мене еден од омилените. Прво оти е блиску, и второ оти е комплетен, убав, со кривини, провалии, стени, …  сè! Само штета, оваа зима не остави ногу снег, а на омилената ми клупа, ветер, ладен. Одмориме 10 – 15 минути и правец северно источна Швајцарија. Времето "комотно" испланирано до една средба, време да се изшпарта  по Апенцел. Еден од најживописните предели во Швајцарија, Швајцарија како шо а знаеме од сликичките на чоколади, сирење и сè шо се поврзува со Швајцарската култура и традиција. Фотокамерата "наострена", облаците како нарачани, очите отворени у сите правци.
И стварно, милина и убавина да возиш по ова парче Рај на земјата…
Следното целодневно возење сигурно ќе биде пак тука.

5G ?

Е сега за фотографиите. Ги нема ногу. Од една страна шо потполно и се предаваш на природата и ја цицаш таа убавина до максимум, а од друга страна шо сме веќе озбилно загазени у дваесет и први век!
Ридчиките ги има. Човеци со “излезна“ традиционална носија, ретко – ИЧ. А на сета идила уште повеќе сметат далеководите, антените за мобилните ни телефони, и пред сѐ огромните штали. Порано, тоа шо го имаме видено по чоколадата, се куќи на фармери со штала за 3 – 4 крави. Сега скоро на секоја меѓа мага штали. Кога ќе видиш објект од едно 10 000 , 20 000 м$^3$ како некој тумор во природата, ти се одмилува фотографирањето…

Ама ние сме таа генерација шо треба да го свари тоа дека ништо не е како шо било и нема да биде. Технологијата која ние ја конзумираме и бараме си го праве своето, од една страна убаво е кога ќе стиснш на мобиЉката и ќе ти каже каде си и кој пат води за Мариово, ама од друга страна сето тоа бара струја, антени, објекти….

# Ферijален Сојуз

gordan 28.05.2020



При крајот на минатиот век одеме на одмор у Охрид. Обично во летувалиштето "Младост" кое беше дел од "Ферijалниот сојуз на Југославија". У тоа време ногу не се мислеме шо значи тоа ферijален сојуз, едноставно тоа беше место за одмор. Одеме со автобуси (во народот познати како и аЛтобус или реис). Самото патување беше авантура. Се тргнуваше сабајле у 5 – 6 саатот за да не не фане жешкото и се патуваше добри 7 – 8 саати. Првата пауза, Плетвар. Ако сè оде добро втората Ѓавато. И така околу ручек од каа ќе не фанеше жешкото стигнуваме.

У тоа време исто така неможеме да си претставиш како му е на оние шо одат на Јадранот, у некое тамошно одморалиште на "Ферijалниот сојуз". Тоа беше далеку, ногу далеку. И од таму, и од таму, основни "фалби" беа разгледниците шо ќе ги испратиш на најблиските, некое ефтино сувенирче и приказната, ако ти се потрефе да те извикат и да ја прочиташ првата писмена по Македонски во новата учебна година – "како го поминав летото…"

У денешно време, човеците за ферија – одмор, дури после бајаѓи години го поврзав ферија (одмор) со ферijален сојуз, одат од Монт Еверсет до морските длабочини на некое си море околу Египет & co.
Фалбите стигнуват моменталистички, преку фацебук, инстаграм & co.

Лето Господово 2020. Клета корона не нападна. Сите Ферijални сојузи од цел Свет си патат, немат гости. Секој си седе дома или на своето.
И ОП!

Наеднаш СветЦките патници, истражувачи и туристички експерти ми ја објаснуваат и раскажуваат Швајцаријата!!!
Деца, ви додека се акате по белосветцките аеродроми и пристаништа, јас со го пиев утринското кафе на превојот Клаузен, на “мојата клупа“. Јас додека ви објаснував дека најубав одмор може да се помине у Швајцарија ви ми се смеете!

Ногу е интересно како човекот е прилагодливо животно, да не речам мачка шо не паѓа на на грб. Сега истите тие шо до пред некој месец го знаеа само патот од дома до работата и евентуално до аеродромот ми објаснуват колку убаво си поминале на места у Швајцарија кои “они ги откриле“ ?!?!?
Иди бегај бе!
















# Проклета је Америка и злато ….

gordan 20.06.2020




Изливи на патриотизам, секој пат кога ќе не потсети некој датум. Еве јас моментално сум у држава кај што има други патриоти. И да, и јас  помислив на «Дванаесетте младинци». Да и јас помислив за која идеологија они погинале. Да и јас помислив колку подло си играеме со тиа жртви.
Дали е патриот патриот, ако на социјалните мрежи изнапише националистички пароли, или патриот е тој шо на национално ниво направе некое социјално дело???

Каа шо реку, пак сум у туѓа држава со локални патриоти и сопствени жртви. Шеташ и гледаш и сфаќаш дека се поголеми патриоти од потомците на Александар III Македонски, И ВЕЛИКИ!

Одиш по градови села, возиш по патшта и гледаш дека покрај сите невољи и војни кои ги поминле, и покрај скоро истите политички шеми «патот му е исправен…»

И така дури се лафеше за едните жртви, ОП! нов датум, нови херои за величење.
И пак истите муабети на социјалните мрежи – кој, колку, дали, зошто заслужува да се слави?!?!?

Еве втора ден, седам дома, у мојата втора татковина, и уште неможам да ги преработам впечатоците од Хрватската. Јас, со фамилијата одеме по примерјето на одмор кога горе по Славонија уште пукаа и допукуваа.. И тогаш беше тејно. Сега ваа пата се осеќаме како некои "важни личности" кои цела плажа си ја имаат само за себе. А во ресторантите, целиот персонал работи и те служи само тебе!!! Од се срце им посакувам да имаат успешна сезона, оти како шо беше сѐ средиле заслужува да се искористи тоа.

а иначе, исто :
https://www.ristovski.ch/2018/05/08/одморска-омраза/

# песок, мерење, 50мм

gordan 23.06.2020




Јуни 2020
Средина на месец јуни, лето Господово 2020. Границите по Европата се отвараат полека, не секаде, ама за некој ден ќе бидат официјално отворени. До Хрватска се одело без проблем. Па така планираниот «излет» го поместиме некој ден порано. Вонредните состојби шо владееле во некои и што владеат уште во други држави се осетија уште на влезот во Италија. Цели 7 минути чекаме!!! Сообраќајот во Италија и покрај многуте работи на патот и безбројните шлепери се одвиваше без никакви проблеми.
И пак граница. Сега ќе влегуваме во Словенија. Човеците од колата пред нас со

италијански таблици нешто покажуваа, еден куп документи, листови (јас се замислив!) почекаме малку и ги пуштија нив. "Добар ден – добар ден. Он ме гледа јас го гледам…. Он вика: некој документ ?!?!? јас: каков документ??? Он вика: нешто, пасош, лична карта, возачка, било шо да видам кои сте! Леле човеци, еден срам каа ме фана. Ѓоа првпат на граница да идиш… ај брзо барај тоа личните карти кај беа… ги види од далеку без да ги фане со прсти и праша каде одиме, му кажаме дека сме тргнати за во Хрватска на некој ден одмор, среќен пат, беше последното од словенскиот службеник…
Влеваш у Словенија и си се возиш по тиа прекрасните патишта со дрвореди од двете страни – оооо, какви чуства будат. И така после нколку километри и села ОП – пак граница. Хрватска. Е сега ќе видиме како и дали ќе поминиме. Пак некој, неколку коли пред нас, гњаве… После десетина минути, му текна на тиа полицаецот и го истрани човекот настрана, тргна колоната.
Добар ден – добар ден.
Каде одите? На Крк.
Среќен пат.
Добар ден вам ви поскувам…
Влегуваме у Хрватска и пак по тие селските патчиња, дури не се уклучиш на автопатот за и околу Ријека. Првиот впечаток – чисто, средено и без гужви на патот. По ресторантите и кафаните до патот тука таму се вртат јагниња и прасиња, – ама празни кафани.

Титов Мост (или Крчки мост), да префрлиме на Крк. 30 – 40 куни шо ги платиме за користење на мостот биле последните. Сме а имале таа чест да поминиме последните денови преку мостот на кои уште зимат мостарина. Така и беше. После уште неколку пати го извозиме безплатно!!!

И така неколку денови повторно уживаме на "нашето море"!
Може да се рече еден од "поуспешните" одмори во последно време!!! Времето супер, друштовот на ниво, ситуацијата ТОП!!! Кафани, ресторанти, плажи, сѐ, сите спремни за гости, а гости нема. Па се осеќаш како "вери импортанте персон". На плажите како да се твои приФатни, ресторантите цел персонал за тебе работе, на билетарите – прв. Убавини. И пак ќе нагласам, секаде средено и чисто!!! Значи ако се дава оценка од 1 – 10, јас на хрватите моментално би им дал 18!

Е тоа за убавите страни на одморот.
А шо Македонец ќе бидам јас ако не најдам нешто и лошо???
Одморот планиран не како чист "одмор на море", со целодневно печење на сʼнце и мерење у песокот… Желба, малку да се прошета и при тоа да се посетат Плитвичките езера и некако да "допрам" до напуштениот хотел Халудово.
И едното и другото остварено, и како бонус- Бриони, или по хрватски – Бријуни.
Е тука е првото неубаво или поточно кажано – не идеално. На Гого му текна да ваа година 2020, цела година а помине со еден објектив на апаратот. И тоа еве успешно го спроведувам веќе 175 денови. АМА, за у ноа хотелот како ќе бе среќен да ми беше 17-ката или барем 24-ката… Ништо, помин нека има. А и сега вака – има некоја употреблива фотографија.

**Поука: "50 мм објектив е убав, ама не за у секоја прилика."**

Втора работа шо не ми се допадна у Хрватска – чистотата и среденоста. Не дека не беше чисто или средено. И повеќе од тоа. Хрватска ми делуваше како млада невеста, накитена, дурдисана и го чека момчето… Сѐ беше на свое место. Дали ресторанти, слаткарници, плажи, националните паркови секако, патиштата на најдобро ниво. Сѐ.
**Не ми се допадна фактот** шо Хрватска тоа сето го има под контрола. И покрај нивните си внатешни политички препукувања и покрај тоа шо до скорото беа демек у војна. Значи човеците стиснале забите,засукале ракавите и направиле нешто од тоа шо го имат – и тоа како!!!

Кога бе еднаш ние Македонците шо до ручек се удараме у гради како потомци на Александар Велики, а поручек пеиме патриотски песни у сите можни тактови ќе се удариме у тоа црпките и ќе почниме да правиме нешто за тоа парче земја шо се вика Македонија.

Тоа ме нервира, и не само у Хрватска, во повеќето држави каде беше сум поминал.
Како можат СИТЕ да ги користат сопствените ресурси и си го прават живото убав, сега, и на ова место.
Изгледа другите немаат: ‟ќути има и полошо‟ и ‟арно е, поминувачка нека има‟ …

# средување на мисли, впечатоци, фотографии …

gordan 26.06.2020




Една недела помина. Фотографиите средени, впечатоците уште не.
Има одмори, или денови кои треба да бидат одмор, ама кои најногу сакаш шо побрзо да ги заборавиш. Последниот наш излет / одмор дефинитивно не е од таа сорта. Планиран излет кој прерасна во прекрасен одмор. Планиран како продолжен викенд испадна убав одмор за паметење. Одмор кој мислам (и се надевам) нема никогаш да се повторе. Бевме кај пријатели и пречекани и угостени повеќе од пријателски! Останува да памтиме и да им се "осветиме".

Дури беме на одмор само уживаме во спокојот и љубезноста на туристичките работници. Спокојот од намалениот туризам предизвикан со ограничувањата при патување заради виа досадниот вирус, а тоа пак повлекува да во ресторантите, слаткарниците и другите туристички објекти, малкуте гости бидат најљубезно и експедитивно услужувани. Ме бендиса.

Да дури после неколку денови сфатив дека ова што го доживеавме е еднократно (се надевам). Такви услови, вонредни, незнам дали ќе "искористиме" некогаш пак, ногу сакам да не биде така.

Бидејќи, колку и да се радуваш на мирот и спокојството исто толку се осеќаш неугодно кога ќе помислиш на сите препораки на СИТЕ држави за борба против вирусот Корона….

И на крајот, поминуваш блиску Умаг, покрај Трст, Венеција, Верона, Милано, Комо, Лугано …. и стотици други места во кои може да се направи супер посета/излет, ама секогаш прво е наа во мислите: "ај не си го барајте сеа со бурина"! Па така тиа 700 и кусур километри ги поминаме у 7 саати…
Се надеваме дека ќе има и ќе дојде време кога повторно "слободно" ќе може да се движиме, па да "скршниме" од патот, некогаш…












Фотографии од патувањето до и низ Хрватска...

» Hrvatska, Juni 2020

» Plitvice

» Rijeka

» Brijuni

» Haludovo

# повик на дивината / дивјачки повик ?

gordan 07.07.2020




6-ти јули. Пред некој ден префли денот на намалување, а и годината накај крајот. Останаа помалку денови одколку шо поминаа во оваа година. И "нормално" на средина од годината се сумираат резултатите и се кажуе како сме поминале, до сега.

Баш средината на годината, таму први / втори јуни, а испуштиме, ама не е грешка и сега да си кажиме некој лаф-муабет. У последно време имаме проблеми да се концентрираме на датумот и денот. Обично други бројки се "поважни", колку има, колку нови и шо ќе правиме…

Значи вака. Како прво стварно сум си горд на сам себе. Помина половина година и со тоа половина од мојот проект "50 мм". Да, ќе се издрже и останатите 180 денови. Да, стварно си "ограничен" кога фотографираш само со еден објектив и со една фокусна далечина, у мојот случај 50 мм, ама како и секогаш и сѐ у животот, секое нешто има две страни. Пак ќе кажам, со тоа шо се ограничив со една работа, "преработиа" други работи. Некако пак се вратив на ноа суштинското во фотографијата, некако пофторно ја откривам фотографијата …

Годината ја почнав и со ниет и фацебукот да не го користам една година, ама тоа го издржав скоро еден месец или така нешто. И тоа испадна и не толку лошо. Затоа шо само после некој месец, од кај март/април скоро сите социјални

дружби се прфлија на социјалните мрежи. Најопасната болест на цел Свет и на сите времиња почна да се шири и да ни го ограничува слободното ни постоење – скроз. И покрај тоа шо глумиме некое си секојдневие и нормала, ништо не е како пред појавата на "Ковид 19". Покрај добро познатете симптоми на болеста, овој период донесе уште еден куп несакани ефекти. Во тие несакани ефекти е и чекањето. Чекањето да помине сето воа и да пофторно уклучиме на "нормално". Повторно да се радуваме на секојдневните и малите нешта.

Почеток на месец Златец, лето Господово 2020-то. Летото почна како лето, топличко и сончево. И сè ќе беше каа шо треба да не беше воа короната у вид на Ковид19 …
Кинезите одамна а завршија или ја имат работата под контрола или не а лафат веќе. Ама тука, европејците, уште се лигавиме како да биде, шо да биде. Туку отварат граници, олабавуваат со вонредните мерки, па пак затвараат/ограничуваат граници, пак нови мерки… и така масажата почнуе одново.




Недела, рано наутро. Дочекаме еден ден на кој ќе може безгрижно и непլански да се извозиме со моторот. Сонцето само врвот на Риги го има осветлено. Чизмите облечени, батериите (за фотокамерата) п'ни. Толку рано одамна не сум тргнал со моторот. Се радував на празните патишта. И така и беше. Околу езерото, попат никој или  скоро никој. Повеќе рибари до езерото, имало човеци и порано одмене шо се издигале, у недела. Си се возам така јас покрај едно, па покрај друго езеро, поминувам неколку села и се радувам на мирисот на липите и свежината на воздухот… милина. После едно 20 км добив идеја да што побрзо стигнам до планинскиот превој Фурка. Па така, десен жмигавец и на автопатот следните 30км. Спокојот при вртењето на првите серпентини ми го расипуваа само "колегите" со тркачки мотори. Секој со својата среќа и задоволство. Некои

уживат да возат брзо, со колената на асфалтот во кривините, а други (како мене) уживат во мирното движење по патиштата и уживање и "цицање" на природата…

И така кога стигнав на мојата прва поставена цел, утврдив дека ниту сум сам ниту прв. Безбројни автомобилисти, мотоциклисти, бициклисти, кампери, планинари, и уште шо не се движат и ги окупирале Алпските превои…

Да, ги нема кинезите по Луцерн и по Швајцаријата, ама исто така СИТЕ швајцарци се моментално у Швајцарија. И тоа е ногу. Сите тие шо беа тргнати по белиот Свет се сега во Швајцарија, на секаде, па и на планинските превои.

До пред 10, 5, море до пред две години, човек можеше да се извозе по Алпските превои на раат секое утро. Сега не. И така веќе третиот планински превој Сустен (после Фурка и Гримсел) е возење повеќе "под кумплунг" и во прва – втора брзина, одколку вистинско движење по пат… Ама респект мора да се има. И спрема бициклистите кои те кочат на секоја кривина, и спрема камперите кои со камповите само мерат кое местенце може да ги "собере" и да застанат, па не си сигурен во никој момент, кога ќе ударат "пуни леви"…

И така гледаш како некогаш моќните и пусти Алпски котлини и врвови од осамени сведоци, се претвараат во ѓубриште и мочало на човекот ускратен за патување.

Ќе морам со друга тактика да пристапам при следното возење… незнам како.

Некако сето воа не врзано изгледа, ама моментално сето околу нас делува неврзано…

# Déjà-vu

gordan 16.07.2020



“Мајсторе, не би ви препорачал да денеска со тој материјал го работете тоа што сте го намислиле.‟
Тоа, уште пред 20 години, престанав да го кажувам на муштериите кои после обилните дождови или додека и уште врне дожд доаѓаат и земаат материјал за тампонирање на земјени патишта, со ниет “дупките да ги потполнат‟. Секој си “градител‟ на својата судбина.

Некои работи никогаш не се менуваат.

После дождливата ноќ, тргнуваш на работа и дожд врне како за на светско првенство. Брисачите на колата морат салам да се потрудат, за да колку толку го управиш патот. Возиш така накај работата и си мислиш, покрај тоа шо денеска ќе бидиме поштедени од г’тање прашина, исто така добро е шо ќе нема стрес на работата. Нели врне, а нашата работа е директно врзана со градежните работи на отворено.
И стигнуваш опуштено на работното место15 -20 минути порано, за да на мир го испииш утинското кафе.
ТИКВИ!!!
И наместо кафето, те расонува глетката на три-четири камиони кои “чекат‟ пред вагата.
Добро утро – добро утро.
– јас сакам да земам од тиа песок
– јас морам виа материја да го искипам,
– може ли камења да ме товарите се брзам…

Добро утро добри луѓе, моментално е 20 минути до 7 часот. Ние со работа почнуваме во 7. Овие 20 минути се мои минути и ми се за да си го испиам кафето на мир. – мојот одговор, па макар и идиотски.

Нормално тоа кафе ти "флева у грбот", за тоа шо ги гледаш како нервозно "ѕипат" околу камиони… у меѓу време идат и муштерии кои идат по двапати во секоја висококосна година. А тие се најгласни со тоа како треба да си ја организираш работата…

Нејси, сите беа "средени" и испратени до 7:20, кој малку повеќе накиснат, кој малку повеќе наапан… Ама тие работи веќе ниту ме тревожат, ниту ме нервират ниту па очекувам дека некогаш ќе се сменат.

Еве сега е време за пауза (9 и нешто…) и веќе и "најцврстите професионалци" за кои "НЕМА ЛОШО ВРЕМЕ, ТУКУ САМО ЛОША ОБЛЕКА!!!" ги снема, заглибија у некоја кал… изгледа. Или осетија дека и со добра облека, кога јајцата ќе ти се намократ – џабе е сета.

Некои работи у животот (и на ваа дуња) никогаш нема да се сменат.
Каа ноа, коа насабајле автобусите возат полека, за да стигнат на време.
Каа шо секое второ сабајле нема доволно вода у машината за првото кафе.
Или шо има избори во "некоја држава" во која имаш избор помеѓу "змијата и магарето".

А да, тука оде наа Македонска мудрост:
ЌУТИ, ИМА И ПОЛОШО…!!!

# Возачи од ситуација…

gordan 20.07.2020




И пак ќе се вратам на онаа епската:

"Го пратиле Зајко на стража,
пиштол нов му дале и фишеци пет.
… "

Лето Господово 2020-то. Месецот летен, Златец (јули). Викендот сончев. Сабота, одамна си планирам да си набавам заштитна кацига за на моторот. Па ајде. Палам моторот и исправам патот до првата продавница, едно 20 километри, каде го има тиа саканиот модел. Тоа тука е, у нашето маало, оп од воа патче, оп преку ваа пресека и ете не таму. Кацигата ја има, големината одговара, е бојата! Бојата не е тоа шо го сакам… Пријатната и услужлива продавачка која се гледа дека работе само заради тоа шо се нафанала да работе за таа плата, беше преоптоварена со мојата молба да најде дали ја има саканата боја во магацин или во продавницата во Цирих. Минути и минути штракаше на тоа компјутерот на Интернет страната (барем беше стварно таа фирма!) за на крајот ЉУБЕЗНО да каже дека нема. Нејси.
И викам ајде ќе размислам.
И размислив, викам сабота, убав сончев ден, Цирих, еве дека е, ни 50 километри од сега каде шо сум. На времето за кациги одеме у Солун или па дури и до Трст!!! Го јавнаме моторот и правец Цирих, и си викам, шо ќе брзам до таму кај шо сум намислил, можам попат уште неколку продавници за моторциклистичка опрема да посетам.

По патиштата шо да ви расправам?!?!? Од ден во ден се пожална е ситуацијата на патиштата во Швајцарската Конфедерација. Условено од глобалната ситуација настаната од Короната вирусна, цела Швајцарија т.е. сите швајцарци се дома или поточно речено по патиштата на Швајцарија. Од "тетки" во "Ренџ Ровери" кои упорно ја газат средната линија, преку бициклисти кои мислат ако имат гаќи со сунѓер дека се Канчелара па сите морат да им прават пат на нивниот му замислен тренинг, до трактористи кои не само шо ќе ти улетат на сред пад од некоја нива, туку и сето ѓубре од приколката ќе му се истресе пред твоето предно тркало.

И недела, ден за одмарање уживање и дејствување во областа на хобито шо си го имаш. Ставаш пииш кафе, пииш уште едно кафе и планираш моторот да го извозиш, а попат и некоја фотографија да направиш …
Тргнав, не ногу "мотивиран", саботното возење ич не ми легна.

А недела, не е само мој слободен ден,туку сигурно уште на 7 милиони швајцарци. Па добар дел од нив истото го имале на ум, зимај возилото и попат…

Не. Не е интересно веќе да се возиш со мотор по природните убавини на Швајцарската Конфедерација. Од ден во ден сај се зголемува бројот на "возачи од ситуација" на патиштата. А тиа беа одсекогаш опасни, ама сега ги има ногу. Дали на велосипеди, мотоцикли, автомобили, кампери, и уште какви ли не возила, човеци кои постанале возачи само заради да се "дружат" со другите у таа група (возачи од ситуација), се стварно најопасните учесници во сообраќајот. Од една страна шо не го познаваат возилото, а од друга страна шо се преоптоварени со целата ситуација.

Не. Нема да возам следните викенди со моторот по патиштата на Швајцарската Конфедерација. Ќе си барам друго хоби, ќе се занимавам со други работи… само да најдам каде нема ногу гужва. Тешко ќе биде.

И така групите на граѓани од кои се плашам порасна за уште една група.

Покрај возачите на автобуси, кои возат полека за да стигнат на време.

Младите "самостојни" службенички (на свои 30 години и 78 кила, кои очигледно немат никој друг во својот живот) кои се осеќаат како најважните личности од пекарите па до касите на супермарктетите, кои со својот статус те плашат и ако кажиш нешто може да завршиш у Страсбург.

Сега и виа. Децата кои сакат да се мешат у секое оро, ги бивало за тоа или не…

Тоа е тоа, ако ти дадат (или земиш) возило, не значи дека те бива тоа возило и да го користиш. Ама пусти социјален живот т.е. живот на социјалните мрежи…

А да, кацига си купив.

# НОВА ТУРА – НОВА АВАНТУРА!!!

gordan 20.07.2020



*… kinoreife 12 Bit 8K-RAW-Videos über die gesamte Sensorbreite der Kamera auf….*
или: 12Bit 8K RAW видеа во кино квалитет снимени од целата ширина на сензорот на фотоапаратот…
Така продолжува и во видеото за реклама на ФОТОкамерата Canon EOS R5 (а до душа и за сите денешни "фото" камери) два три збора за фотографските перфоманси , две три фотографии и поооcлеее каа ќе а развлечат за видео способностите на ФОТОкамерата, мене ми се зборавува право да ви кажам.

90-тата година од минатиот Век. Со возна карта во книжна форма пристигнав у Швајцаријата. Од "техника" со мене имав само еден дигитален саат кој покрај бројките на ЛЦД дисплеј и класични стрелки имаше.
Од втората или третата плата си купив Minolta Dynax 5000i со два објективи, блиц, торба и две додатни програми (во форма на денешните СД-карти) за снимање на пејсажи и портрети!!!
Дека ќе биде Minolta (за тиа шо не знаат, темелот на денешните SONY фотокамери) одлучи фактот дека во тој момент, почетокот на 90тите години од минатиот век, Minolta нудеше најдобар Аутофокус а и со виа картичките за додатни алгоритми интересна играчка… Во тоа време ниту аутофокусот ниту програмските автоматики, па и ниа на додатните картички, ногу не не воодушевуваа, штракаме како што беме до тогаш навикнати – рачно (мануелен модус!!!)

94-тата година на минатиот Век повторно побуди интерес новинка на пазарот на фотокамери. Canon  се разбуди и на пазарот ја изнеси EOS 5. Камерата која петте аутофокусни точки можат да се активират само со поглед од окото!!! АЈДЕЕЕ, пак една плата отиди, овој пат за промена на системот. И од тогаш до ден денешен уште штракам на Canon, условено од компатабилноста на системот и "нечуствителното" преминување на поновите продукти…

Во меѓувреме техниката се повеќе се подобруваше, а цените се повеќе беа пристапни… И така сега фотографирам со солидна дигитална камера и исто така висококвалитетни објективи. И задоволен сум.

Ама еве дојде Лето Господово 2020-то.
Canon,  после неколку години "дремење" најавува сензација на фото-пазарот.
Јас како љубител на фотографијата и новите технологии се заинтересирав за воа ново машинче Canon EOS R5 !

Ама Canon EOS R5 нема да само чекор, ГОЛЕМ ЧЕКОР напред во нови технологии, со Canon EOS R5 се обновува и "политиката на цените".
Цените на Canon продуктите повторно забегаа нагоре и убавите (новите) продукти повторно ќе бидат само за професионалците исплатливи…




Тука не стига една плата….

Ќе си поштракаме уште некоја година на старата добра технологија, со огледалце…

или ќе си купам телефон кој има СУПЕР  фотокамера ?!?!?

# Школо

gordan 23.07.2020



"Пред осум години го купив првиот мој фотоапарат. И одма ја открив љубовта кон фотографијата. Секојдневно фотографирав и собирав искуства. Многу работи самиот научив од разни списанија, книги и интернет. После неколку години мојата љубов кон фотографијата ја направив и моја професија. Зар има нешто поубаво на Светот од тоа да го работиш тоа што го сакаш? Да одењето на работа не ти претставува обврска, туку задоволство.
Сето мое искуство сакам да ви го пренесам и на вас. Никогаш во живото не велете дека нешто е невозможно. Каде има волја има и пат. И со вистинска љубов се стигнува на секоја цел…."

И така натаму, уште едно пола саат – саат, ќе те масират на психолошка основа, плус една добра самопофалба каде сѐ сликал "мајсторот" во неговото БОГАТО фотографско живеење, за да у две минути ти каже дека блендата 8 е добра, ама од ситуација до ситуација треба сам да откриеш која е најдобра.

Вака почнуваат и траат скоро 98% од така наречените "вебинари", курсеви и уште не како крстени собрании по социјалните мрежи и интернетот. Условени од глобалната ситуација, предизвикана од вирусот Ковид, и со препораките на властите да се избегнуваат собрании, месечната средба со другарчињата од фотоклубот веќе неколку месеци е префрлено на интернетот.

Па така си викам ајде дури дремиме дома пред компјутерот да се уклучиме во некој вебинар, некој курс или слично шо се нуди по социјалните мрежи.
А таму шо ќе видиш и доживееш! Сѐ шо има компјутер, камера и муцка каа за на пазар, ти го пренесува своето "искуство" со цел да ако како некое рипче

трзниш на неговата кука ти извлече некој паричка од твојот џеб. А такви, барем во германското говорно подрачје, еден куп. Јас мислам дека секој шо има купено "професионална фото камера" и добил 68 лајкови на некоја си страна "специјално" за фотографии одма се осеќа повикан да отворе школа за фотографија и да соле памет, …

Не се они криви. Воа непрегледното "поле а културна размена помеѓу човеците" наречено интернет СЀ и секој трпе. А од друга човечката љубопитност па ги поттикнува виа другите да мислат дека се барани.

"Секое школо се плаќа"
Тоа мене ми е јасно, ама и јас знам колку би сакал да платам за некое школо. Последното школо беше скапо, 25.- € и два и пол саати истрошено време. Прво, каа се фана на орто, си викам добро е, 25.- € , плус од Canon официјално ќе расправат за програмата која со години ја игнорирам, а морална е за Canon. Си викам ајде ќе откријат некоја финта! ТИКВИ. Ѓоката шо расправаше за програмата, можеби е добар фотограф, оти едно 20 мин. расправаше како сѐ и секој низ цел Свет фотографирал, ама технички – грехче. Стварно ми беше дури мене срам. Имаше шест учесници во курсот, и секој од нас му постави барем по едно прашање на кое мораше да одговоре "тоа не го знам, ама еве запишав и ќе го разгледам со колегите" … Брату, дека со HDR дугмето, се активира HDR функцијата го знае секој, или ако не ти се чита упатство, у денешно време е доволно стрелката на глувчето да ја ставиш на некое место и чичко Бил ќе ти каже шо работе таа површина.

И така човештвото чекори, полека ама сигурно, кон ако не самоуништување, барем кон самооглупување.

Ајде друга пата ќе напишам за "5G", чипување, бришење на вкусовите и слично…

# Драга учителке

gordan 27.07.2020



Слободен состав

6-то / г – одделение

Тема: "Како го поминав викендот"

Драга учителке.
Викендот го поминав многу убаво.
Не знам дали знаете, ама јас многу сакам да возам со мотоциклот низ природата. Така и минатиот викенд двапати направив возење. И двата денови возев во касните попладневни часови кога колку толку намалува сообраќајот. Во саботата возев во Централна Швајцарија и поминав покрај десет езера (поголемите вирови и маалските брани не ги рачунаме).

Во неделата извозив до Готард. Планинскиот превој кој ги спојува германскиот и италијанскиот дел на Швајцарија.
И двата денови уживав во Божјите убавини на овој Свет. Заклучокот ми беше, дека секаде на Светот има убавини. Ама некаде во Светот има човеци кои ги сакаат, ги чуваат и ги одржуваат убавините, а некаде, не.

На моите возења, драга учителке, некои од тие убавини ги овековечувам со мојата фото камера. Понекогаш дури испаѓаат и убави фотографии. Понекогаш сакам само да уживам во убавините па и не фотографирам толку многу.

Трета моја опсесија, драга учителке, е и користењето на звучниот сигнал на возилото во тунел (да свирниш во тунел) ! На моите безбројни поминувања низ разни тунели, имам утврдено дека правоаголните тунели имаат подобра акустика од колку овалните, а и во двата видови подобро звучи кога се празни, нема многу возила.

Но вчера "си го најдов мајсторот"!
Имено, на патот накај дома поминував во неколку тунели. Во Флуеелертунел пред мене возеше Ламборџини Хурикан, со црна мат боја и децентен звук од издувните цевки (децентен звук, мислам дека би бил децентен кога би бил споредeн со формула 1). И ако сите возевме во колона со околу 60 км/ч, не можев да се воздржам а да не стиснам на звучниот сигнал, сирената на мотоциклот, така од мерак. Но мојот звучен сигнал, возачот на Лаборџинито го прифати како предизвик. Па каа стисна тоа гаста, каа зоврe машината, (за сонародниците од струмичкото говорно подрачје: каа ревнѝ), да после неколку секунди ја одземе гаста, па од така продорниот звук на десетцилиндрашот се претвори во пукање од издувните цевки!!! (изгледа платинките и беа залепени…)
Сите се чудеме како не испопаѓаа тоа ламбите од тунелот! – МЕАРЦИ!!!

Значи, драга учителке, поука од последното возење:
Пази каде и пред кого се курнезиш!!!

Трета моја опсесија, драга учителке, е и користењето на звучниот сигнал на возилото во тунел (да свирниш во тунел) ! На моите безбројни поминувања низ разни тунели, имам утврдено дека правоаголните тунели имаат подобра акустика од колку овалните, а и во двата видови подобро звучи кога се празни, нема многу возила.

Но вчера "си го најдов мајсторот"!
Имено, на патот накај дома поминував во неколку тунели. Во Флуеелертунел пред мене возеше Ламборџини Хурикан, со црна мат боја и децентен звук од издувните цевки (децентен звук, мислам дека би бил децентен кога би бил споредeн со формула 1). И ако сите возевме во колона со околу 60 км/ч, не можев да се воздржам а да не стиснам на звучниот сигнал, сирената на мотоциклот, така од мерак. Но мојот звучен сигнал, возачот на Лаборџинито го прифати како предизвик. Па каа стисна тоа гаста, каа зоврe машината, (за сонародниците од струмичкото говорно подрачје: каа ревнѝ), да после неколку секунди ја одземе гаста, па од така продорниот звук на десетцилиндрашот се претвори во пукање од издувните цевки!!! (изгледа платинките и беа залепени…)
Сите се чудеме како не испопаѓаа тоа ламбите од тунелот! – МЕАРЦИ!!!

Значи, драга учителке, поука од последното возење:
Пази каде и пред кого се курнезиш!!!

# НОВ

gordan 12.08.2020



“Денови ли се денови,
аргатски маки големи …“

така беше пишувал еден Македонски писател. Знам сега да е воа на некоја социјална мрежа напишано, со можност за коментар, одма ќе се “подадат“ експертите и ќе речат: не е писател, поет е! Ама оти прибидејќи човекот неговите мисли ги запишал, за мене е писател, да не речам пишувател. Таму околу почетокот на годината пробав и не успеав да се одтргнам од фацебукот и слично.

Денеска, 12. 08. 2020 пак. Пак нешто у мене направи клик, и исклуч. Ама ваа пата се надевам ќе биде подолго од три недели. Еден муабет изврши активирање на ногу, да не речам сите, мислачки и двоумења шо биле оставени да се мислат некогаш. Е сега е тоа. Се размрдаа и никако да се стивнат, ќе треба да се обработат. Може и тешко или жално ќе биде, ама ги разбуричкаме и сега има да се соочам со сите нив.ж

Како прво ќе почниме по ред. Тоа го сфаќам како прво ќе “исклучиме“ сите странично влијателни фактори и ќе се концентрирам на суштинското.

“Денови ли се денови,
човечки мислачки големи …“

# лајк или лајф

gordan 13.08.2020



Коа це однаде, и ако ти текне да однадиш нешто пред клемите да ти се одкачат, може и нема да се однадиш….

Ставаш сабајле и уште пред да отидиш да си измочаш, грабнуваш мобиЉката за да провериш кој ти ставил лике, кој срце… Па ајде да се отчетиш, стави и ти некаде лајк, некаде срце, некаде коментар.

‟Не, не сум јас зависник на интернетот!‟ – ТИКВИ

Каа це преслушаш, ќе видиш дека сето тоа не ти праве арно.
И после ќе почниш да се ‟браниш‟ ама не интернетот крив за сѐ, ами воа, ами ноа … И ОП! Си загазил, здраво загазил у непознати води (да не речам у гомна). Ќе осетиш дека и ако не повраќаш како каа це опииш од ефтина ракија, општата ситуација предизвикува непријатен осет од меот преку градите до мозокот, кој се повеќе и повеќе е под контрола на ‟чичко Цукерберг‟.

И така пак ќе си ја запеиш: Затворите све кафане… и ќе се надеваш дека душичката ќе ти се смири.

Затоа ИСКЛУЧ фацебук, ИСКЛУЧ инстаграм, ИСКЛУЧ сѐ и сешто од кое си ‟зависен‟. Тешко е, еве скоро 30 саати не сум уклучен, ама секоја терапија е тешка, поготово терапиите за зависниците!

Може нема ни три дена да издржам, ама моментално сум решил да си свиркам каа пред 10 години. Па и тогаш си живееме и убаво ни беше.

ЗНАМ времето се менува и оде напред, ама некако на тоа оро полека веќе ми се меша тактот…

Затоа следниот период, колку ќе можам вака да издржам, ќе го трошам времето на други работи, И, ќе пробам да откријам некои "тајни на животот…"

# една недела

gordan 19.08.2020




Ете. Помина една недела од како користењето на социјалните мрежи го "стегнаме" на помалку од еденица.

Импресии и емоции …

Ете. Помина една недела од како користењето на социјалните мрежи го "стегнаме" на помалку од еденица.
Пробував, стварно пробував да малце го "разубавам" фацебукот со некоја пристојна фотографија и тоа повеќе месеци. Коментари или "забелешки" за глобалната ситуација избегнувам веќе со години, ногу неблагодарна работа е тоа. Моментално немам никаква мотивација или потреба да пробувам со промена на Светот.
А Светот тргнат (забеган) у правец шо не ме бендисува мене. И повторно

мислачки, да пробам со моите неважечки доприноси за промена кон подобро или да си седам мирно и да не се траќам.
Воа е сигурно, моите мисли и мислачки ќе си ги запишам тука и некогаш може некој ќе ги прочита или јас ќе си се потсетам како било некогаш.
Моментално сѐ е каша/компот. Не се знае кој шо ни однадуе. Со години патувајќи од Македонија до Швајцарија преминуваме разни граници и премрежија. На почетокот беа патничките карти кои требаше да ги имаш у два правци за да стигниш до некаде. После измислија визи и визен режим за одредени етнички групи. После осетија дека криминалците не шетат со визи туку со дипломатски пасоши па ги укинаа визите. И од кога човек ќе помине "сито и решето" и таман си викаш е ова е Свет по мерка на човештвото, ОП – корона.
Ајде одпоново со контроли и ограничувања и траќање на малиот човек на "земја". Пак ќе видиш дека си само ронка која треба да си плате данок, некоја казна за брзо возење и ако имаш среќа ќе бидиш искористен за научни цели – т.е. ќе изиграваш живо заморче.
Незнам колку пати го имам ова напишано во моите забелешки, ама ногу е трагично кога хуморот на "Топ листа надреалиста" и слични, станува сурова вистина. Се смееме на Ѓура и Др. Ноле ама каа после некоја година ти текнува, они да ти биле ѓоа баба Ванѓа, скоро сѐпотрефија. Па после тоа ќе те натера да мислиш дали и ниа, пријателскиот и братски народ од Холувуд, а имаат истата улога – да го спремат човештвото за некој си замислен Светски поредок. Да и од таму идеа филмови у кои еден психопат сака да владее со сите на цел Свет.
Почетокот на деведесетите години од минатиот Век, кога јас дојдов у Швајцаријата имав можност првпат да се сретнам со кабелска телевизија и едно 30 – 40 телевизиски програми кои се повикуваа на дугме, без да вртиш антени !!! Имаше едно 10 – 15 "државни" канали и останатото првите приватни телевизиски канали од "ѓерманското" говорно подрачје. На државните, како и на сите програми од југословенските студија, одеше "нормална" програма. Официјални вести, малку култура и образование, некој филм и малку забава (морам да напоменам, колку и да беа сиромашни тиа забавните емииси, дури сега осеќам дека биле "на ниво"). На тиа приФатните, одеа обично филмови и сега може да се рече "експериментална" програма. Телевизиски забавни емисии преземени од америката или од некаде каде некоја година порано почнале со експерименти...
И, секој петок и сабота, во касните вечерни саати на прифатните канали можеше да гледаш ефтини порно филмчиња од стилот "Швеѓанки во интернат" или слично...
Е сега веќе убаво загазени у дваесет и први Век, Демек човештвото напредува и тие "навредувачки и не современи" формати веќе ги нема на прифатните канали кои во меѓувреме се накај илјада !!! Во сабота навечер ги исфрлија еротско-порнографските содржини и почнаа нас да не ебат у здрав разум. Сега е "нормално" да во сабота, а и секој ден, вртат филмови у кои човеците или некои психопати мозокот си го вадат, истепуват по цели села, силуват се шо се движе на две или неколку нози, за да после некој "херој" а спаси цела ситуација и со надчовечки психички визии ја управе работата. Емисии за култура и уметност, нема. Некои си нови телевизиски формати во кои од неважни работи со неважни личности прават сензации и прават норми да и чавките се на повисоко еволуционо ниво од човеците кои имаат само можност

да бидат "ценети" ако се фанат на нивното оро – КОМПОТ!!!
И ДОЈДИ.
Дојди бреме кога еден човек не контролира. Не, не знам кој е. Ама веќе не му треба печат и амбасада за да ти даде виза за шетање и движење. Сега има ја има у рацете "короната" и телевизијата, и интернетот, и весниците, и сега сме таму каде траба да бидеме, во кавезот за заморчиња.
Дека можат да не контролират како сакат е докажано. Сега уште малку се работе на тоа како да се работе на "фино, селективно" контролирање.
Ама поучени од холивудските дела, ќе а управат и таа работа за година – две. Само да го "апдејтираат" "ковид 19" во "ковид 21.6" и ќе не однадуат ѓоа ваквоа.
Доказ за тоа е и губењето на вкус. Сеа прво почнува со вкусот на мирис и вкусот на храната. Покасно ќе ударат они и на вкусот за убаво!!!
Вкусот не се губе од короната, вкусот ни го изгубите со јаболките од Нов Зеланд, со патлиџаните (доматите) од Мароко, со крставиците шо растат на стаклена волна…. со јагодките у јануари, со дињите шо имаат вкус на компир или расипана крставица…. Вкусот одамна нема задача да одлуче дали е нешто добро или лошо. Проблем е сега како да и вкусот го контролираме со директива? Оти вкусот за убавото и уметноста упорно се умртвува со инфлуенцерите, инстант проминентни и важни личности и со медиумите кои служат за "собирање на стадото" на купче.

# "Док палме нишу гране…"

gordan 24.08.2020

И така, дури некаде на палмите гранките ги нишат,
у "нашето село" растат продуктивни дрва….






# Да и го искоронам на мамицата ви!

gordan 27.08.2020



Се ближат летните одмори, уште месец, два, и треба да се оди за Македонија. Припремите наголемо. Да се набави по некое поклонче, за сите по нешто. Нарачките од блиските исто така не смеат да се заборават. Што требаше за куќата? Некој термостат, а да и телефон нов, стариот нешто грче, не се слуша добро. За чоколада и кафе има време, тоа не една недела, две, пред тргнување. Зелен картон исто така да се организира и визи.
И како швајцарски часовник, стомакот. Почнува да боли 5 денови пред тргнување. Оно до душа се е веќе спремно, ама не пеперутките во стомакот туку црвци работат.
И така година за година… Со годините припремите се намалија, роднините и пријателите се намалија, нарачките опаднаа, тремата и болките во стомакот ги снема. Визи и зелени картони веќе никој не бара.
И ОП!!!
2020-то лето Господово.
На 28 саати пред почеток на "официјалниот одмор 2020" од одмор ниту "О" не се осеќа. Во стомакот ниту пеперутки, ниту црвци, само бес и гнев!!!
Таман си го фативме редот, без визи и без нервози да може да се патува по тоа парче земја наречено Европа и Балкан – ОП, некои нови ограничувања.



Мамицата да си а ебите, да си а разкрвавите!!! Сите вие изроди што а измислите Короната, Ковидот 19, мерките за спречување и раширување на истиот, како и забраните и ограничувањата. Начекате село без кучиња или кучиња кои се затрајуваат со неколку написи по таблите кои вие ги контролирате и пишувате и сега сите ние ќе го играме орото кое вие го свирите !!!
Да короната е опасна, се умира од неа. Тоа ни во една точка не е спорно. Ама и СИДА-та е смртоносна, и ракот е смртоносен, и шеќерната болест е смртоносна, и сообраќајот е смртоносен, и војните се смртоносни, и на работното место може да погинеш, може трамвај да те згази, може змија та де клукне, може некој психопат да те утепа (во Америка и некој полицаец дури!!!), …
И дека, секој еден од нас, еден ден ќе го напушти овој Свет е НАЈСИГУРНОТО нешто на овој Свет!!! Ама до тогаш, има идиоти кои си играат со судбините, чувствата и душите на ногу други…
А бе, каде се тие времиња кога се слушаше САМО Бранка Станковска? Каде се тие времиња кога "ЦК на КПЈ" беше сè и сешто. Ова денешново, со "експерти" и "стручњаци" за секоја пора од животот преку ваквоата ми е. Не сакам да бидам дел од стампедото кое го с'скат медиумите и "социјалните мрежи" – ама изгледа нема друг избор. Или ќе си трчкаш со нив, или ќе те згазат…

Социјализмот и социјалистичкото општество не им одговара и го ништат каде ќе стигнат и успеат, ама "социјалните мрежи" му се убави за "контрола на масата"

# Пресноварица

gordan 08.09.2020




И ПАК или И ОПЕТ или schon wieder или ancora una volta …
Врти го и сучи го како сакаш, пак ќе дојдиме на наа старата. Како секој Пат. Како на секое патување.
Имаше една земја, наша земја. Имаше деца у таа земја, меѓу кои и јас, кои не знаеме како беше исправно да се каже името на таа земја. Беше ли федеративна република, беше ли народна република, беше ли социјалистичка република? Ама беше Македонија. Тиа деца се радуваа на цистерната кога летно време приквечер ќе помине по улицата и ќе ги натопе угорените коцки. Рипаме и скокаме на тротоарот и се надеваме дека чичко Боро ќе биде расположен и ќе го пуште млазот на "највисоко" и нас да не освеже. После тоа се играеше д'га магарица или бишка. Понекоаш и у тесни на стадионот. Информации за околината и светот собираме од постарите, Бранко коцкица, Политикин забавник, Другарче и то… Од таму знаеме дека у Италија или Трст има најубави фармерки и дека у Охрид имало 365 цркви. Беме "поносни" на црквите у Охрид, на Крали Марко (не пивото!) и на тоа шо го имаме најубавото гројзе на цел Свет и околината, а за ракијата секако дека и нема рамна никаде. Италија. Во година на Короната и заверите околу неа или па не. Од Швајцарија легално, без ограничувања може да се оде тука, во Италија. Па ајде. Не ни е првпат. А за Патување во Народната Социјалистичка Федеративна Поранешна Југословенска Република Северна Македонија не се осудуваме бидејќи едно патување од 10 дена ќе те коштат после недели, месеци или недај Боже година. Нејси.
И така после 16 години ОПЕТ у Пескиера дел Гарда. Ваа пата без децата и со ниет за одмор без посета на забавните паркови. Хотелот пристоен, местото

идеално сѐ како шо треба. Ама повторно ти треба некој ден (ноќ) дури се навикниш на друга перница. И дури си се навикнал ајде назад – куќи!



Вториот ден од одморот времето ич не сакаше да ни овозможи летен одмор, па ајде накај Верона, пола саат од хотелот е. Посетиме Гоцевата тераса… НЕ БЕ! Терасата на која демек чемреела Јулија дури виа Ромео и се удварал, а после поминаме и до куќата на Ромеовци. Одејќи по тиа улици, човек газе нова калдрма и поминува покрај стари куќи, цркви, "монополи" … Ќе седниш у некое од безбројните кафенињa ќе апниш од светски познатиот сладолед и це напииш од прецeнетата "грапа".
За сладоледот, немам зборови. Стварно е добар. Сега они сите го "продават" како рецепет од баба, од дедо, ама човек не треба да биде ногу интелегентен за да виде дека тоа е убава индустрија која испорачува тони на сладолед во сите вкусови (од крставица не сретнаме!). АМААА, во секој случај е далеку повкусен од сето тоа шо се продава како сладолед југоисточно од Трст.
За "грапата". Ракија исдестилирана од комињето и со вкус на згрешена пресноварица, е тоа е чист (дестилиран) пример како со добар маркетинг сѐ може да му се продаде на хомосапиенсот. Не пробав од најефтините грапи, ама не и од најскапите, ама виа во средниот ценски предел … у Кавадарци со такво нешто ни џамовите не се миат!
И така, последното патување до и низ Италија ќе го паметиме по "маските" кои штитат од корона и други уроци, по скапите паркинг места и по цените кои за разлика од пред година – две за 20 – 30 % се појачани.
И ДА.
По повторното и поновното уривање на уште едно делче од детскиот светол Свет. Одново ќе те тратат одземја фактите дека дури сме се гордееле со 365 цркви у Охрид и најубавата ракија у Светот, човеците не само шо направили ногуповеќе и ногу поубаво туку РАБОТЕЛЕ на продавање на пресноварица како култен пијалок и оделе, оделе, оделе напред без Тито и за сите….

# нормално, ново нормално…

gordan 16.09.2020



Излеваш од куќата, со торбичката на рамо и ќесето у рака. И прво шо помислуваш, "ја тАчен ли су даа"? Гледаш саатот, викаш 'добро утро' на газда Јакоб кој ги реде кременадлите у месарата за продавање и утврдуваш дека си "тачен".

Да. Одмор од две недели, и ако "у место" пак ќе ти направе промени. Почетокот на работата е тежок. Додека не си почнал. После само второто кафе и првиот муштерија, како и никогаш да не си бил на одмор, машинеријата дробе повторно и понатаму…

А одмор, како одмор. Е ваа година – НЕ! Ваа година се навикнуваме на "новото нормално". Нормално која у опште не е нормално, ниту па лигично. Не убедуват дека сме загрозени од болест, ама јас мислам дека они ќе не заболат.

За време на одморот, прошетаме до Италија. Бевме у туристички места, во кои врие од туристи. Се лигавиме со гелови и алкохоли, носиме маски, аваму два чекора по лево, си дишиме у тилот.

Се извозиме и на брод, у Швајцаријата. А таму редот, контра од Италија. Во затворениот ресторански простор на бродот не мора да се носе маска, а на палубата кај шо ветер вее и сонце грее мора маска да носиш.

Поминаме неколку кантони, и секаде бевме запознати со "новото нормално".

До сега годините ги организираме "до одморот", "после одморот", "пред нова година", "после нова година", секогаш имаме некој датум или од прилика "термин" за нешто да се почне или заврши. Ваа година – компот! Ниту ти се планира, ниту може да испланираш нешто.

И така ќе се навикнуваме на "новото нормално" т.е. да вегетираме ден за ден….

# Апенцел и јас

gordan 19.09.2020




Апенцел. Место, регион, кантони во северноисточна швајцарија. На сите нас добро познати по сликите од учебниците, разгледниците и сликите на чоколадата со кои се дефинира "швајцарското". За да отидиш во Апенцел треба да одиш за Апенцел, некако патот никогаш не те носи преку Апенцел. Сме поминувале лево, десно, одозгора на Апенцел и секогаш сме го оставале некогаш да отидиме…

И така случајот сакал да минатата пролет се праве "бизнис" у Апенцел, до душа у првото село до Сент Гален, ама у Апенцел. И така Гого тој ден, ја запали моторката и правец Апенцел. За тоа што се сто и кусур километри, а ич не сакав по автопатот до Сент Гален, си тргнаме на време и со ниет да имам доволно време , два – три пати да ја промашам уличката. И како нарачано, времето феноменално. Апенцел светнал како млада невеста. Секој километар, ма секој метар го уживав. Толку убавина и спокој у толку кратко време одамна не беше сум осетил…

После само два дена повторно ист правец, ама по други улички, и ваа пата со колата и приколка… Повторно впивање на убавините до скроз! Дека следната прилика ќе биде целодневна тура по Апенцел беше сигурно после првиот пат, второто возење само ја затемели таа желба.

И бидна. Дојде денот кога одлучив да моето дневно возење биде низ Апенцел… АМА … чичкото од вестите скроз ја греши временската прогноза. Ветуваше дека утрото ќе биде облачно и магловито, ама дека во текот на денот ќе се разубаве и дури навечер се можни локални плускови… Така и почна, утрото облачно, АМА таман наближив накај Апенцел еве ги "локалните плускови" скоро на секаде и у секое време низ Апенцел ме пратеа плускови, летни.

Нејси. Немав среќа првиот пат.
Денеска пак, палам моторката и правец Апенцел. Временската прогноза, утрото и дента сончево, приквечер локални дождови… Планот, шо побрзо и по најкраткиот пат да префрлиме преку превојот Швегалп, покрај Сентис право во Урнеш и после да поисшпартаме по Апенцел. Првите неколку километри беа под магла, за да после неколку километри испаднам од маглата и го уживам утринското сонце. И така првите 80 километри помина у магла, сонце, облаци… ама позитивно, без ногу сообраќај по патиштата. И таман завртив правец превојот Швегалп, ОП – СТОП! На таблата напишале, од превојот па до Урнеш патот затворен заради прибирање на кравите од ридските пасишта во шталите по селата во котлините…
Лев жмигавец и друг правец… Со мала заобиколка (околу стотина километри) пак стигнав до Апенцел
И ПАК. Не дожд, ама една тегава магла шо неќе да се дигне цел ден…

И така и по вторпат Апенцел не ми возврати со иста мерка. Како да сака пак да одам.

И ќе одам.











HOTEL
RESTAURANT
ZOLLHAUS


























# Проклети да се душманите!!!

gordan 21.09.2020

Пред десетина години мојата сакана фирма "CANON" исфрли на пазарот примамлива камера, EOS 7D. После само една година од кога беше на пазарот, јас се осмелив и направив чекор во "еднобројните" камери, повторно, овој пат во дигиталниот сегмент. Бидејќи "неколку" објективи веќе имав ја купив само камерата. Нормално у тоа време тоа се работеше преку интернет и ново етаблираните продажни портали на него. Во тоа време беа актуелни "digitec.ch", "microspot.ch", "hawk.ch", "digifuchs.ch" и уште неколку по мали…

А беше и примамливо! Отвараш интернет страната на "CANON" и читаш официјална продажна цена 1'899.- CHF
Отвараш порталот кои ги споредува продажните понуди и гледаш како продавачите се "тепат" со интернет понудите. Цени од 1'250 до преку 2'000 франака…
Јас не ја купив од најефтините понудувачи "digitec.ch", "microspot.ch" си ја купив од "hawk.ch", фирма која ми е на патот за на работа, за неполни 1'300.- CHF, убави 33% пониска цена од официјалната.

2020 година, мојата сакана фирма "CANON" исфрли на пазарот примамлива камера, EOS R5. Пак почнаа рачињата трпки да ми фаќат…
"CANON" најави цена од околу 4'500 франака. И така бидна. Во септември камерата е достапна за купување и официјална продажна цена: 4'470.- CHF.

Значи и ако ги добијам тие 30%, камера за 3'000 франака, за мене како хоби фотограф, повторно ќе биде неприфатлива…  Ама си викаш ајде, пушти малку мозокот да пасе… и ги вртиш интернет порталите да ги спoредиш цените.
А таму ништо за споредување!!!
Сите како некоја Светска завера. 4'470.
Не ми се верува што гледам.

Значи, од кога пред некоја година, кога "digitec.ch" беше купен од »MIGROS«, а "microspot.ch" од  »COOP«, значи од кога виа "најубавите" интернет продавници беа купени од швајцарските гиганти во малопродажбата "сѐ си иба мамата!"

TOTAL CONTROL!!!

Од кога виа "големите", »MIGROS« и »COOP«, ни го уништија чуството за вкус, продавајќи "Среде лето жолта дуна, среде зима лубеница…" сега го ебаа и интернет пазарот…



https://store.canon.ch/canon-eos-r5-spiegelloses-kameragehaeuse/4147C025/?WT.tsrc=NSO-Site&_ga=2.152415801.1022655435.1600666725-...
Wir verwenden Cookies, um Ihnen die bestmögliche Erfahrung auf unserer Webseite zu ermöglichen. Hier erfahren Sie mehr. Mit der weiteren Nutzung unserer Website oder wenn Sie auf Fortfahren klicken, erklären Sie sich mit der Verwendung von Cookies einverstanden.
Canon
SHOP SERVICES & APPS LASSEN SIE SICH INSPIRIEREN SUPPORT
Suchen_
Kameras Tinte, Toner & Papier Drucker & Office Objektive Camcorder Geschenke und Kaufberater Angebote
Home > Online-Shop > Kameras > WLAN-Kameras > Canon EOS R5 spiegelloses Kameragehäuse
Canon EOS R5 spiegelloses Kameragehäuse #4147C004
NEU
Bildqualität auf höchstem Niveau und atemberaubende Leistung für professionelle Fotografen und Filmemacher
5.0 (1)
Siehe Kundenbewertungen
Besondere Merkmale
Spiegellose Vollformatkamera für Profis
45 Megapixel, Vollformatsensor, bis zu 20 B/s
8K RAW-Video, kamerainterner Bildstabilisator für bis zu 8 Stufen, max. ISO 51.200
Übersicht anzeigen
CHF 4,479.00
Menge
Online zur Zeit ausverkauft
BENACHRICHTIGEN SIE MICH
ZUR WUNSCHLISTE HINZUFÜGEN
Wo kann ich das Produkt ausprobieren 20 KB PDF?
07:39
21.09.2020




https://www.toppreise.ch/preisvergleich/Digitalkameras/CANON-EOS-R5-Body-Schwarz-4147C026-p616604
toppreise.ch
Produktsuche
Produktinfo 14 Angebote Datenblatt Produktvarianten Zubehör 25 Auktionen weitere Produkte Bewertungen
Canon Canon EOS R5 Body CHF 4'479.00 inkl. Versand: 0.00 4/10
Canon EOS R5 Body Systemkamera (4147C004AA) CHF 4'479.00 inkl. Versand: 0.00 m electronics 3.8
Canon EOS R5 Body, 3 Jahre Premium-Garantie CHF 4'479.00 inkl. Versand: 0.00 Fust Und es funktioniert. 5.4
Canon EOS R5 Body - 3 Jahre CH Garantie (4147C026) CHF 4'479.00 inkl. Versand: 0.00 HAWK.ch 5.2
Canon EOS R5 (4147C004) CHF 4'479.00 inkl. Versand: 0.00 HAWK.ch 5.2
Canon EOS R5 Body-CH Garantie (4147C026) CHF 4'479.00 inkl. Versand: 0.00 MARLIN 5.3
Canon EOS R5 Body, 3 Jahre Canon Premium Garantie (4147C026) CHF 4'479.00 inkl. Versand: 0.00 Digifuchs
digitec.ch
News, Reviews und Reportagen im digitec Magazin
Xiaomi Mi 10 Pro im Test: Große Erwartungen und...
Kameravergleich: Samsung Galaxy S20 Ultra vs ...
zum Seitenanfang
07:41
21.09.2020

# 365 цркви!!!

gordan 05.10.2020



Ногу сакам нов Свет, или стар. Сакам друг Свет.
Свет без корона.
Свет без Трамп.
Свет без бечелер.
Свет без оглупени телевизиски формати.
Свет без инфлуенцери.
Свет без лажни вредности….

Некаде март месец оваа година беше кога осетија дека короната не е "пичкин дим" па донесиа вонредни мерки. Не се ракувајте, не се гушкајте, миете ги раците убаво и држите растојание…

Како некое проклетие, таа прва недела со вонредни мерки, у сепарацијата каде што јас работам, помина се живо и диво шо на муштерии познаваме и услужуваме. Стотици разни тресокурци се изврвиа, требело или не требело. После тоа намалија посетите од разни муштерии, ама неколку "верни шофери" упорно паузите за појадок ги поминуваа кај нас во кантината и ако таа е "два на три". По препораките на Државниот здравствен завод на таа површина беше кнап и за нас двајцата, ама имаше денови кога ќе се собериме и по пет – шест души и расправаме како ДРУГИТЕ се однесуваат неодговорно спрема мерките на Владата….

Така беше до пред една недела. Плакатата за не користење на кантината уште е на вратата и сите ја игнорираа… Да, до пред една недела. Едно утро минатата

недела засвони телефонот и на колегата мој му беше соопштено дека неговиот син е позитивно тестиран на корона и дека тој мора одма да оди дома во изолација, десет денови. И така бидна. Он одма замина, ме остави мене сам со растропаните машини и "растурени" за големите пред зимски припреми.
Не, не е првпат да јас или он сам недела – две, да сме во сепарацијата и ги вршиме основните работи. Ама првпат е да еднниот ја напушти сепарацијата која не е спремна за така… Нејси, поминувачка нека има.

ДА. И како секоја пауза за појадок до сега повторно дојдоа шофер – двајца, да го пиат гратис кафето у нашата кантина. На прашањето каде е Петар, "убаво спакувано" одговарав дека "поради корона мора дома да седи во изолација", без никакви поединости, дека он не е  заразен и нема симптоми и дека седи дома поради позитивниот тест на син му кој исто така скоро и да нема симптоми…

И мир. Толку. Од тогаш ниту за појадок на кафе, ниту за ручек за мокробрановата, шофер не застана тука. Идат, истоварат, товарат, и заминуват. Дури и муабет не им се праве, на до сега најголемата група на филозофи – шоферите.

Тука осетив колку општеството станало општество на "пизди".
Ќутат каа пизди, се кријат каа пизди… И како човек ќе се загледа околу себе, гледа дека тоа е "нормална појава".

Може, сигурно може да се најде по културен збор или по соодветен термин. Ама фактот дека преминуваме у "општество на пизди" нема да го смени. Неколку пати имам утврдено дека ако ние како човеци или да не речам како нација, ако нас не снема, тоа ќе биде само од "учтивост" демек. Појавата да насекаде, по кафаните, по седенките, на социјалните мрежи, се силиме и расправаме теории и норми ама ако дојде ред на некој да му се каже во лице дека греши, дека прави неубаво, е тука, тука "ќутиме ѓоа пизди".

Не еднаш ми се има случено, да на моето омилено социјално поле за натпревар помеѓу народите – фцебукот, ми избршат коментар, ме блокираат или ме изнавредат други "профили", ако конкретно укажам/напишам за грешка, за завера или лага…
Подучени од нашите баби, уште се бориме со ноа "ами нуме сега против него тоа, знаиш ли каа вујко му ни помогна каа требеше да…" ОИТЕ БЕГАЈ ТЕ БЕ!!!

И се додека живееме со лажна почит и понос, караваните ќе си одат, кучињата ќе си лаат и кај нас ќе останува само лајната, караваните робата кај другите ќе а однесат…..

# Ногу малигани

gordan 15.10.2020




"Ами со професионален апарат и ја убави слики ќе правам!"
"Лесно е со професионален апарат да правиш убави слики"
…
Вакви муабети се изнаслушувам. А од друга страна тоа воопшто не ми смета. Затоа што јас фотографирам од мерак не за пари – професионално!

Барам Македонски збор за "DSLR" ама тешко оде.
Да, Македонски назив/име за некоја техничка работина обично нема. Ногу сме си "удобни". Си презимаме "оригинални" означувања и после це утепаме на "ќирилично" да запишиме нешто. (штрафцигер, цанга…)
Значи, виа фото камерите, на кои им се менува објективот и кадарот пред да го фотографираш го гледаш преку огледала и призми, ќе ги наречиме професионални.

Е сега да се вратам на ниа првите реченици, НЕ мојата фото камера не е професионална, она е "DSLR" ама професионална не е. Професионална би била кога јас како штракач на неа, би заработувал пари со неа и фотограф би ми била професијата.
Да, и јас можам на фотографиите направени со неа да "закачам" : ***Ristovski Photography*** ама тоа ќе ме тера на ниа работи, исто каа кога ќе се напииш млеко и после цреши јадиш …

Нека а таа.
Новите движења на пазарот на фотокамерите ме натераа на виа мисли затоа што мојата најсакана марка CANON оваа есен на пазарот понуди две три

работи, ама за “професионалци“!!!
И сега, ново понудените играчки, не се само фото камери, туку стварно “професионални фото камери“ и додатоци…
Тоа човек може да го заклуче од цените по кои ги продаваат. А цените, срамно високи.

Од една страна не е интересно веќе, треба стварно да си професионалец за да би купил понова технологија, ама од друга страна па се прашуваш: зошто мора секогаш да биде најновата технологија, и за шо ќе ни треба?

Во последно време за секојдневна употреба на социјалните мрежи, дури и само камерата на мојот “интелигентен мобилен телефон“ брка работа.

И така, Гого ќе чека да дојде втора или трета генерација на безогледалните фото камери или барем да бидат достапни (економски) за НЕпрофесионалци како мене.




# 300 со 50 !

gordan 26.10.2020



Во декември 2019 при проверката на мојата фото опрема со ниет да се набави некое ново парче, во рака ми дојди камерата на професорот Веле на која јас ги учев првите ‟тајни‟ на фотографијата. Солидна руска машина ‟WERRA‟ со објектив изработен од ‟Carl Zeiss‟. И тука, на објективот, ги видов бројките: 50 и 2,8. И се размислив. Со таа камера ‟истераме‟ неколку одмори и добар дел од младоста. Со една камера и да, со еден единствен објектив. Јас кој во последно време, веќе неколку години, и така само со една камера и еден објектив шетам по градовите, планините и на моите возења со моторот, зошто би ми бил нов објектив или нова камера?

И така се ‟роди‟ »проектот 20/50«

1 YEAR 1 LENS

50 mm

foto-gogo.ch

На камерата го монтирав 50мм објективот и СИТЕ други ги прибрав во торбата. И се одлучив да летото Господово 2020-то го претерам само така. Со еден објектив.

И еве, после 300 денови, можам да кажам: ДА, ми фалат зум објективите. ДА, ногу работи не ни пробувам да ги фотографирам. ДА, во ногу ситуации сум рекол, "ајде, од година ќе го фотографирам тоа…"

АМА!!!Во ногу ситуации, "ограничувањето" ме натера да размислувам "пошироко"!
Во ногу ситуации повторно се чувствував како фотоаматер.
Во ногу ситуации преработија "табелите"!!!

Во секој случај, едно ГОООЛЕМО, убаво и позитивно искуство. Искуство кое трае еве веќе 300 денови, во кои денови ниту еднаш не сум зажалил и кое искуство уште 66 денови ќе го уживам.

Ама ќе дојде и први, први, дваесет и права. И ПРВО шо ќе го направам, мислам е, дека ќе го оставам 50мм објективот уште да ја храни камерата со светлина… Нема да се брзам да ставам зум или некој друг објектив, Да, некој од зум објективите  ќе се монтира при првата прошетка или најкасно со првото возење со моторот. И да. Ќе се набави нов објектив, ама за тоа покасно. За тоа ќе треба прво да најдам објектив кој ги задоволува моите барања, сите две! Да е квалитетен и да не е тежок. Зошто после ова убаво искуство, јас и понатаму ќе бидам фотограф кој шета само со една камера, еден објектив, некој филтер и … толку.
Да, како шо реков, веќе неколку години се одкажав од влечење на неколку килограми фотоопрема, само заради тоа шо МОООжеби за една фотографија ќе ти притреба теле-објективот…

# Без вкус…

gordan 05.11.2020



Бели ЛЕД-светилки, темни утра, новозаразени од корона, Трамп или Бајден….
Се еба сета есенска романтика!
"Насмијеши се" од Дивље Јагоде врте на ЦДто во автомобилот и пробува да колку толку ја изваде ваа ситуација.

Веќе неколку денови радиото не ме буди во 05:30 часот. Заедно со зимското сметање на времето го поместив будењето во 05:33 часот.
Дечките од моето омилено "radio sunshine", ја имат таа глупа навика да во 05:30 ги читаат првите вести на денот. А мене преку ваквоа ми е дојдено од корона вака, корона нака… Не дека ногу ќе избегнам контаминацијата со вести за короната ама не мора тоа да биде првиот збор во денот.

Оваа есен посебно се осеќа "напредокот" на човештвото. Оваа есен првпат светнаа белите ЛЕД улични светилки низ Цуг, Валхвил … па и така "ладната" и грозна магла ја оладуваат уште повеќе. Само уште Арт и Обервил (половина) се осветлени со "романтичните" жолти латерни кои колку толку зрачат некоја топлина. Така, полека, полека, ни ги уништуваат сите мали задоволства. Пред некоја година почнаа со вкусовите, сега воа шо викат дека поради короната го губиш осетот за вкус и мирис и не е толку драматично. Преди ногу години памтам кога за нова година некој ќе купеше мандаринки и излупе да јаде, абе сите комшии ќе осетеа кој се "одпуштил" малку… Сега јадиш банани со вкус на диња, диња со вкус на тиква, тиква со вкус на крставица (без сол), … важно за сѐ плаќаш "ексклузивна цена" затоа шо го има низ цела година!!!



Се менуваат ногу работи. Само секоја есен никако да изгинат ниа "нинџите" по патиштата, човеци, пешаци, кои упорно се облечуваат во шо може по темни алишта и кои 99,4% од светлината ја упиваат, па ти ококори ги очите насабајле у темното да не согазиш некој таков! А да, и ние фините возачи на автобуси кои се влечат од станица до станица шо пополека за да не стигнат пред време на следната станица, оти на три станици по ред не застанале….

И да. Ќе се радуваш на викендот и убавото време, да испаднищ, да прошеташ далеку од цивилизацијата, помеѓу дрвјето и калта, или, да земиш моторот и возиш преку 7 гори и 7 реки …..
Тогаш, тие неколку саати душевно чистење ги уживаш и се надеваш дека ќе

тлеат неколку денови додека пак имаш прилика да избегаш од секојдневието кое ти го кројат, другите.




# Јас го разбирам Светот …

gordan 07.11.2020



Ееее Гоце, Гоце!!! Воа твојто поле, угар постана.

Стискаш дугмето на телевизорот – 1

2, 3, 4, 5, 6, 7, 8, 9, CH+, CH+, CH+, CH+, CH+, CH+, CH+, …..
и така до 200 и кусур… "телевизиски програми". И утврдуваш дека телевизијата во последните 20 и кусур години со порастот на телевизиските канали, на квадрат ги зголемува понудените глупости.

Батали, тоа. Уклучуваш компјутерот.
Ништо помалку глупости во "сервираните" содржини.
Тука барем е добро шо чичко "гоогле" може да ти најде тоа шо го бараш, добро узпат има сѐ и сешто да видиш, ама има шанси да одбериш содржина шо те интересира.

Лутајќи по тоа интернетот, некогаш беше сум прочитал, дека некој паметен човек кажал: "Ако сакаш да уништиш еден народ/нација, уништи му го прво образованието!".
Е сега гледам и читам и се мислам, НЕКОЈ има ниет цело човештво да го уништи.

На времето, додека разните медиуми работеа посебно (или ни така мислеме), па така можеше информации од весниците или вестите на радиото или телевизијата си конзумираш. Во денешно време, изигравме независност на медиумите, а у основа се си е "**copy & paste**".

Телевизијата не засипува со купишта непотребни информации, весниците ги читаш како се пишувани со исти грешки, а интернетот, интернетот, шо да каже човек? Од една ногу убава замисла прерасна у буњиште на светцките мислители. А мислител се осеќа секој еден шо има компјутер и шо успева да ги погоде сите букви на тастатурата (вклучувај се и јас, мене самиот…). А ако немаш шо да кажиш (напишиш) – сликај се! Едно "селфи" или слико од "п'на маса" секогаш ќе предизвика внимание.

Да, тоа поле наречено "фацебук" кое е една прекрасна можност за размена на мисли, идеи па дури и "културен натпревар помеѓу народите" го напрвија село без кучиња. Разни фрустрирани и од општеството изолирани типови праватсѐ за да ти се одмиле ова место…
Да, се помалку го користам, од една страна шо 98,7% 'ѓубре" а од друга страна шо и да напишиш или "постираш" се губе у тоа буњиште за 24 минути.

Едно прашување:
Кога и каде сте прочитале за некој работник во некоја фирма, кој со својот ангажман и иновативност предизвикал да се забрза производството, намалат трошоците и растеретат работниците???
Не сте прочитале? Не сум прочитал ни јас! А и ако има некаде некој таков, и ако некој и напише за него нешто, не може да се прочита од купиштата информации за разни блогери, ѕвездички, инфлуенцери и слични паразити. Сите медиуми се тепат кој ќе информира за "бечелер", "кралот на џунглата" (или некој остров) за ергените и фармерите кои бараат партнери оти не биле способни 20 години да си најдат сами или и природата им одредила да си умрат сами…

Човек, така малку подибоко ако размисле, му се иде да фане некаде да замине кај шо нема ни струја ни интернет. Некаде кај шо ќе го живее животот свој па макар и "живот кучешки".

Да, има денови кога сѐ ти смета. Кога веќе "преболени" работи наново ќе те изнервират, кога по не знаиш кој пат се прашуваш: "добро бре, нели на грешки се учеме???"

Ме нервира новонастанатиот станард од "момент". Ме нервира новиот (моден) фотографски поглед на Светот кој пренесува темна, тмурна, невистинита и преправена визија… Ме нервира веселиот возач на автобус кој секое утро го "кртавале" автобусот преку две села, пред мене. Ме нервират муштериите кои за времена паузата ќе дојдат да земат материјал и со "ангелски" манири прашуваат: "да не имате пауза?" Ме нервира НЕможноста да се исклучиш од околината. Ме нервира …

Ама од друга страна се радувам на фамилијата, среќен сум шо смеам да ја уживам оваа убавина (есенска) околу нас, среќен сум … дури повеќе сум среќен од колку изнервиран .

# (не)Вкусот на короната

gordan 12.11.2020



Во Швајцарската Конфедерација освен што секогаш и секаде може да најдиш "ТОБЛЕРОНЕ", кое како и на Кока Колата само името му е "големо", уште од

преди многу години по супермаркетите можеше да се најде "од пиле млеко".
Да, имаше (и има) среде зимо лубеница, среде лето жолта дуња. Тоа е условено шо ваа држава скоро сè си увезува од секаде по цел Свет. И нормално тоа транспортирањето трае неколку денови, па додека се продаде уште неколку денови и така нема да се чудите каа ќе купите праска и патлиџан и не ќе може да утврдите по вкусот кое шо е…
Веќе со години пазам кога купувам компирите да не бидат од Израел, а јаболките од Нов Зеланд!!! Ама понекогаш немаш волја или време па ќе земиш шо е изложено. Па така може да им се чудиш на твоите сетила за вкус, кога бананата има вкус на диња, дињата на тиква, тиквата на компир, а компирот наблагнува…

Лето Господово 2020-то, еден "слепи миш" му еба мамето на цело Човештво. Дали до мишот е, дали до кинезите, дали до слепоста на човеците еве со месеци се бориме и со некоја болест која можеби и не е. Ковид 19 ја крстиле таа болест. Еден од симптомите е и губењето на вкусот и мирисот.

Човеци, нас вкусот одамна ни го уништија. Во секој случај ковид 19 не следи на секој чекор, зад секое ќоше, на секој клик, па каа шо е наа старата кавадаречка "ако мечката играе у комшиите, ќе дојде и кај тебе!"
Пред некое време колегата беше приморан да седи дома во изолација. Од кога помина тоа и се врати на работа, правеме муабет за логиката и ситуацијата. Тешко било, воа ноа… Ја си викам, ако ме снајде мене нешто такво, барем фотоархивот ќе си го средам.
И ме потрефи. Еве веќе трети ден седам дома, во изолација, и приметувам дека освен што болеста предизвикува болки, на сите му го уништува вкусот. Еве трети ден се канам да одберам 13 фотографии за календарот 2021 и стигнат сум до фотографија – 0 (со зборови: нула).
Ова е стварно напад на вкусот. Ги гледам фотографиите од минатата година и некако неможам да видам ништо убаво.
Ова е не убава болест.

Ај ЗДРАВЈЕ, утре нов ден – нова среќа…

# од едно друго време

gordan 27.11.2020



89та кога дојдов у Швицарска, бев горд што доаѓам од Југославија. Не само заради тоа шо како југословен освен «црвениот пасош» друго ништо не ти требеше, и не за фактот дека имаме неколку стотици илјади «земљаци» у швајцаријата.
После некоја година беме горди шо сме Македонци, дека сме дел на еден народ кој без утепувања се одели од браќата си југословени.
Се организираме и ја презентиравме Македонија, Македонската култура и традиција. Собираме средства за помош и развој…

Денеска ме прашува еден човек:
– од каде си?
Му одговарам:
– од Арт.
Он и понатаму упорен:
– ама мислам потеклото, од каде си дојден?
Ми се изврتија филмови од 30 и кусур години, го погледнав во очи, па му викам:
– јас сум од едно друго време!

И толку, не продолжи да прашува. Изгледа осети дека не ми е до муабет, а уште помалку за објаснувања.
Македонија?!?!? Како да а објаснам? Шо учеме за неа? Шо читаме за неа? Шо ни раскажуваа за неа? Шо направиме од неа? Шо остана од неа???

# триста триесет и три
# (или со бројки 333)

gordan 29.11.2020




28-ми ноември, лето Господово 2020-то. 333-от ден во оваа висококосна и заебана година. Бидејќи беше сум одлучил да во годината 2020 само со еден објектив (50 мм објектив) фотографирам, сакав овој ден, со кој поминуваат 333 денови и после кој остануваат уште 33 денови до крајот на годината, некако да го одбележам. Па така ми текна дека можам да го "забележам" со 333 фотографии.

И бидна.

Направени се 333 фотографии, онака, како што во "нормални услови" фотографирам. Фотографирани се мотиви кои треба да бидат "готови", фотографирани се мотиви кои треба мала коректура ( ама овој пат тоа нема да го правам), фотографирани се фотографии шо уште на штракањето знаиш дека "ништо од нив"…
Ама повеќето од 300 денови фотографирање со 50мм го направија своето.

Рутината е веќе тука и се концентрираме само на "фокусирањето". А фокусирањето со стандарт објектив, бара одење, убаво одење!!!

Еве на 33 денови пред крајот на проектот »50мм« можам со сигурност да тврдам дека НООГУ ми помогна да повторно размислувам по фотографски терк! Не дека сега само така ќе се оде, до душа и до сега "шетав" само со една камера и еден објектив, времињата кога по прошетките влечев десетина кила на опрема, одамна поминаа.

За следната година се спремни нова камера и нов објектив, и мислам дека со овогодинашново искуство не ќе морам ногу објективи да менувам…
Се изнаслушав разноразни курсеви, вебинари, реклами и разни експерти, и сфатив дека сето тоа е една машинерија која за лични интереси проповедаат рајски свет…

Интересно е тоа како човек се заситува од некои работи. Ја на пример, пред ногу години бев обожавател на комедии, после на научнофантастични, па на криминални серии. И сите тие веќе ми се "БЛА…"
Така и со виа на јутубе "експертите" за фотографирање. Има неколку "убави" човеци кои пред некоја година убави совети даваа или некоја финта ќе кажат. Ама со годините и со "притисокот" од повеќе "експерти", произведуваат полека само шунт.

Исто така, новата мода или појава, за да во хипер "продукцијата" на фотографии некако се одвое товајта фотографија треба да побараш "помош од пријател" – обично фотошоп, лигГХтруум или слично. Да тоа е новото, "фотокомпозер". Исто како шо не се уче за автомеханичар, туку за махатроничар. Занаети исчезнуваат, се појавуваат нови, ама понекогаш уште сме убедени дека "порано сѐ беше подобро"!

# »На муци се познају јунаци«

gordan 21.12.2020




Испоминаа денови, недели, месец скоро, а мерак нешто да се забележе, однаде, – ЈОК
Ситуацијата е таква како шо е и не само јас, гледам и други човеци намалија со нивните "активности". Единствено ако не си партиски писар и имаш за задача секојдневно да однадуиш по социјалните мрежи…
»На муци се познају јунаци«
Јас не сум љубител да цитирам од северните комшии на северна Македонија, ама они имат за сѐ изерека (или песна).
Годината 2020, една од ниа по неубавите и која сакаме шо побрзо да помине и да ја заборавиме, полека ама сигурно завршува. Ќе ја паметиме како година со многу маки и малку јунаци. И ако има "јунаци" тогаш тие се манифестираат со бунт против властите, кои препорачуваат и молат да бидиме совесни и не се мешаме со многу луѓе у ова време на заразна болест, со тоа што најхрабро се собираат за сите врсти на слави и поносно се презентираат по социјалните мрежи.
А годината на короната (по кинескиот календар?) не само шо се растегна ѓоа ваквоа, туку произведи толку несигурности шо на човек скоро до ништо не му е. Упорно пробуваме да изиграваме нормала, ама не оде бе брат! А нема свежината кај човеците, радоста, позитивната енергија намали, оти се бориме да бидиме шо по малки "позитивни".
И у сета ваа Светцка ујдурма, една мала ама стара држава некаде на Балканот упорно а ништат, т'чат, а разграбуваат. А јунаците? Јунаците се борат за вакцина или не. Оти ваше – наше, тоа е во генот на тиа од Господ заборавен народ кој по секоја цена се стреми кон Европа, таа стара, поносна курва.

Како и за годината, така и за сите други работи ќе ја цитирам една од најубавите (ако не и единствена) Македонска поговорка: “Ќути, помин нека има!‟ Нека помине таму и да дојде најновата во која повторно ќе си изпосакаме еден куп убави работи, а она, како и сите до сега ќе си штракат како нив му е ујгун.
И да ќе се собереми и ќе ја дочекаме најновата година со песната (од северните комшии на северна Македонија) “неможе нам нико ништа – јачи смо од Судбине‟ – ќе си ја пееме дури не не сардиса судбината, таа една единствена и сурова!

# д’го четиво!!!

gordan 30.12.2020




2020

Годината 2020, или со букви две илјади и дваесетта, почна како ногу пред неа. Со свечен дочек и желби за многу здравје и радости и пари и сѐ. Бидејќи јас у последно време на работите гледам ногу реалистички, јасно ми беше дека ваа 2020 ќе биде како илјада други години. Ќе си а тера по нејзино. А за здравјето, среќата, парите и убавите работи пак ние ќе мора да си бидиме одговорни.
Па така моите планови за 2020-то лето Господово ги курдисав уште на крајот од 2019-та. И приметив дека планови за 2020-та – НЕМАМ.

Па почнав да мислам како да си ја направам годината интересна!
И – ОП! Ми текна.
Бидејќи немав никакви приоритети, одлучив да ЦЕЛА година ја направам еден голем експеримент!
Бришејќи прашина у витрината со мојата фото колекција, у рацитe ми дојде "мојата" прва фото камера – WERRA. До душа, таа камера е на тато, ама јас на нејзе ги учев првите чекори (повеќе допири) со фотографијата.
И гледам на нејзиниот објектив пишува Carl Zeiss Tessar 2.8 / 50mm
Ми текна колку "убави фотографии" со неа имам направено…
И си викам, Гого ајде да се вратиме у убавото време. Една камера, еден објектив. Зошто тоа не би било можно и во оваа година со убава бројка, 2020.
А плус бројот 2, гледан некако во огледало е 5!
И така се роди идејата да цела година фотографирам само со еден објектив.




Проектот започна како „20-50", но при развивањето на логото го зедов предлогот од реномиранaта компанија за дизајн "VIZART" па така постана „Една година, еден објектив".

Батеријата наполнета, мемориската картичка наново форматирана, објективот (50мм) монтиран и почнав.
ДА, за огнометот, десетина чекори назад не стигнуват, треба у другото село да одиш…
ДА, вазната не може да а "пресечиш" ќе треба да се компонира друг кадар…
ДА, воа другарите наеднаш едри, не ги фаќа сликото, ќе станиш да сликаш од ходникот…

И така полека полека се вративме во суштината на фотографијата. Почнав пак само по неколку фотографии да правам, не цели серии. Почнав повторно да фотографиите ги ‟развивам‟ во главата пред да кликнам. Почнав повторно да ги оценувам ситуациите дали би биле нешто што вреди да се забележи со фото камерата, и со 50 мм !

Да, јас веќе неколку години ‟шетам‟ по Светот со една камера и еден објектив. Времињата кога ‟туристички‟ по тесните улички на средновековните градови, или по ридјето, со торби / ранци со по 20 – 30 килограми опрема шетав се одамна поминати. Во вакви случаи земав камерата, монтирав објективот кој мислев дека повеќе ќе ми ‟сврши работа‟ и се друго останувасе дома или во колата или во хотелот.
АМА, ново настанатата ситуација стварно прерасна во предизвик. Една камера и еден објектив, ама 50мм без можност за зумирање или замена… интересно. Убаво е тоа, шо опремата оваа година тежеше (во 98% од фотографирањето) околу 1,5 килограми, камерата со објективот, резерва батерија, еден-два филтри и торбичката.

Уште во јануари месец и ако уште ‟ограничен‟ и не уклучен во модусот за 50 мм испаднаа добри фотографии. На фестивалот на светлината во Луцерн 1,4 на објективот бркаше убава работа и ако нема стабилизатор.
Да, знам, ноќе не се фотографира од рака, ама пуст понос! Уште се силиме дека ‟раката не ни се тресе‟!!!

Како поминуваа времето и месеците се повеќе се навикнував на ситуацијата. Правев по некоја фотографија, а ногу работи ги оставав за другпат (т.е. за со друг објектив). Почетокот на годината 2020 беше исто така во знакот на најновиот грип, ни свински, ни птичји, туку убаво наречен ‟ковид 19‟. На почетокот далеку од нас, во Кина, брзо дојди и не ‟блокира‟, почнаа првите ограничувања – вонредни состојби.
Како и во секоја уметничка дејност во која се твори нешто, така и фотографијата бара слободен дух. Но во ограничени општества духот трпи прв. Се трудев да со моторот избегам од секојдневието и заборавиш на ограничувањата, ама некако одеше тешко. Па така се случуваше да на моите патувања направам ногу малку или ич фотографии.















Поминуваа првите месеци, скоро пола година. Веќе се навикнав на ‶опремата‶ и на дадените ситуации. Тука – таму ќе го заштрафев филтерот да колку толку се направи нешто друго, ама и тоа почна да ме мрзи…. Добро беше.

Додека не стигнаме на Крк, Република Хрватска. Близината на запуштениот хотел Халудово, ме предизвика да направам серија.
И ДА!
Тука за првпат зажалив што само 50 мм објектив носам со себе!
Ама во стилот ‶колку и да погинеш, ќе гледаш да се спасиш!‶, направив тоа што можеше.
Плус тоа е рачка да уште еднаш се оди таму ☺ .

Е сега да си бидиме и искрени. Ова, една година со една камера и еден објектив, баш и не е скроз точно. Зошто јас користев две камери и два објектива. Стварно на Canon EOS 6D mk2 цела година беше EF 50 f/1.4, ама на ‶втората‶ камера Canon EOS 80D беше EF 28 f/2.8 IS USM монтиран. Но камерата ‶ограничена‶ со сензорот и покрај 28 мм објектив, ‶аналогно‶ би дошла 45 мм, шо е поблиску од 35 мм објектив кој го имав и кој би направил 56 мм еквивалентно фокусно растојание … Сакав да набавам 32 мм објектив, но во таа класа нема објектив кој би одговарал ‶после тоа‶ на двете камери и плус да има стабилизатор. Па така одлуката падна на овој 28 мм објектив кој во иднина може да се стави и на EOS 6D и да си биде тоа што е, 28 мм.

А тоа би била убава комбинација за следните шетања по уличките на некој белосветски град…
Како и да е, и двете камери го имаа тој луксуз да ниту еднаш не биде ‶отворена‶ заради промена на објектив.

Во секој случај, искуството е прекрасно. Би му го препорачал на секој еден да го осети. Затоа што повторно се враќа чувството на немоќ. Ама се враќа и осетот за убавото.
Точно е, не во секоја ситуација можеш да се ‶изразиш‶ или да го пренесиш тоа што сакаш, ама затоа Господ дал и ‶фотошоп‶. Во оваа година направив и неколку панорами и пробав да направам и неколку фото композиции, ама не е тоа ‶мојот свет‶. Ете ги има тие две три места кои следната година ќе ги посетам со 16-ка ☺ , па да видиме дали фото композицијата или класичната фотографија е за ‶широка употреба‶.

И да. Од 01.01. ќе ги сменам објективите. Ама не оти морам или од тоа шо ми досадија, туку заради тоа ‶шо можам‶. И ќе се барам наново. Овој пат со тоа која комбинација би била ‶оптимална‶! А тоа го нема. Кога би постоел ‶оптимален‶ објектив !!!ЗНАЕШ ЛИ ТИ КОЛКУ ФАМИЛИИ ЌЕ ОСТАНАТ БЕЗ ЛЕБ БЕ?!?!??!!

А какви фотографии испаднаа, може еден ден ќе се одлучам и ќе направам избор па може и убава изложба ☺ , ама тоа еден убав ден…
До тогаш ќе ги гледаме фотографиите со датум 2020 и ќе се потсетуваме дека тие се нешто специјално, барем за мене.